# Бариери за образовна инклузија на децата со посебни потреби

***Извештај и анализа по спроведено истражување***

Наслов:
**Бариери за образовна инклузија на деца со посебни потреби**
***Извештај и анализа по спроведено истражување***

Изготвувач на извештајот:
**Ресурсен Центар на родители на деца со посебни потреби**

ул. „Васко Карангелески“ бр. 33
1000 Скопје
Тел. 02/2457-407
resursen.centar@yahoo.com
www.resursencentar.mk

Лектура: Гордана Ацеска

Поддржано од:
Истражувањето е овозможено со поддршка од Фондацијата Отворено Општество Македонија (ФООМ), како дел од проектот „Бариери за образовна инклузија на деца со посебни потреби“. Содржината на истражувањето е одговорност на Здружението Ресурсен Центар на родители на деца со посебни потреби и не ги изразува ставовите на ФООМ.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

РЕСУРСЕН ЦЕНТАР на родители на деца со посебни потреби

## Содржина

1. ВОВЕД ..... 4
2. ОПИС НА ПРОБЛЕМОТ ..... 5
3. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 7
3.1. Цели на истражувањето ..... 7
3.2. Очекувани резултати ..... 7
3.3. Методи, техники и инструменти на истражувањето ..... 8
3.4. Целни групи на истражување ..... 8
4. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ..... 10
4.1. Анализа на добиените резултати од интервјуто со претставници од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието ..... 10
4.2. Анализа на добиените резултати од интервјуто со претставници од локалната самоуправа 14
4.3. Анализа на резултатите од анкетите со родители и наставници и интервјуто со педагошко-психолошки служби ..... 17
5. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОГ-ПРЕПОРАКИ ..... 41
6. ОРГАНИЗАЦИСКО И ПРОГРАМСКО ПОРТФОЛИО НА ЗДРУЖЕНИЕТО РЕСУРСЕН ЦЕНТАР НА РОДИТЕЛИ НА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ..... 49
7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И ИЗВОРИ ..... 51
8. ПРИЛОЗИ ..... 52

| Кратенки и симболи користени во извештајот | |
|---|---|
| **РЦ** | Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби |
| **ПП** | посебни потреби |
| **ТР** | типичен развој |
| **МОН** | Министерство за образование и наука на Република Македонија |
| **БРО** | Биро за развој на образованието на Република Македонија |
| **ИОП** | Индивидуален образовен план |

## 1. ВОВЕД

Училиштето како социјална средина треба да претставува животен амбиент погоден за учење и живот, средина отворена кон заедницата и во која учењето е составен дел на животот. Инклузијата во образованието претставува можност реформите во образованието да го насочат своето внимание кон создавање училишта што ќе ги задоволат потребите на сите ученици и општеството во целина, односно *во фокусот на инклузијата е неопходноста од приспособување на училиштата кон образовните потребите на ученикот* (Bartolo, 2004)[1]. Така изградените училишта ги земаат предвид различностите и придонесуваат секоја индивидуа да се развива како личност што критички проценува и заклучува, ги гради своите ставови и уверувања. Ваквите организирани училишта не само што ја поддржуваат инклузијата туку индивидуализмот го подигнуваат над колективизмот, ги ослободуваат човечките капацитети што се неопходни во изградбата на едно демократско општество.

Образовната инклузија е можност за квалитетен пристап во реформите на образованието. Таа, пред сè, е педагошки, а не дефектолошки предизвик со неопходно вклучување на голем број експерти од различни области неопходни за поддршка на децата, особено на децата со посебни потреби за да можат максимално да ги достигнат своите можности во процесот на воспитување и образование. Учењето е најефикасно во средина што има интерперсонални односи и интеракции, и кога ученикот се чувствува уважен, почитуван и признат (Lamberti McCombs, 1998: 9)[2]. Токму во тоа е и нејзината суштина – како редовните училишта и одделенијата да се развијат на начин што ќе одговара на образовните и социјални потреби на секој ученик и се оформат во место каде што секој ученик припаѓа, каде што е прифатен и поддржан од соучениците и сите други членови на училишната заедница (Steinbacki Steinback, 1990, според Bartolo, 2004). Меѓутоа, приспособувањето на училиштата кон различностите на учениците е можно единствено ако се направат и длабоки промени во образовниот систем, или како што тврди Сли, *услов за остварување инклузија е културна реконструкција на училишниот систем* (Slee, 1999, според Armstrong, 2003)[3], притоа мислејќи на реконструкција на

---

[1]Bartolo, P. (2004). Recent developments in inclusive education in Malta. *Mediterranean Journal of Educational Studies*, Vol.6(2), 65-91

[2]Lambert, N., McCombs, B. (1998). Introduction: Learner-Centered Schools and Classrooms as a Direction for Schooll Reform. V N.Lambert, B.McCombs (ur.). *How Students Learn, Reforming Schools Through Learner-Centered Education*. Washington, D.C.: American Psychological Association, 1-23

[3]Armstrong, F. (2003): *Spaced out: Policy, Difference and the Challenge of Inclusive Education.* Dordrecht: Kluwer Academic Publishers.

постојната култура, образовни политики и образовни практики, така што тие да одговараат на учениците со посебни потреби.

Она што е всушност е потребно е промена на образовниот систем од училишта со натпреварувачки карактер во училишта што ќе го применат индивидуалниот пристап – **училишта по мера на „човековата природа“.** Само таква реформа може да обезбеди иднина на учениците како и иднина на општеството.

**Улогата** на невладините здруженија е преку своите активности, да ја следат инклузијата и да укажат на неопходноста од примената на законските права на учениците во поглед на примена на сите меѓународни документи што ја допираат проблематиката на децата и образованието, особено на децата со попреченост, и имплементација на индивидуалниот пристап во образованието.

Како коректив на институциите, здруженијата постојано треба да укажуваат на можните жаришта и точки што треба да се коригираат за да се воспостави и да се одржи квалитетно образование и да се запазат инклузивните процеси.

Со цел да се утврдат дел од факторите што најмногу влијаат врз квалитетот на инклузивното образование (краткорочно – кон учениците, а долгорочно кон сите нас) и кои претставуваат бариера за квалитетна образовна инклузија, се спроведе истражување во три региони во Македонија, преку испитување на ставовите и мислењата на клучните инволвирани субјекти (родители, наставници, стручни соработници во училиштата, како и претставници од локалната самоуправа, Министерството за образование и наука на РМ и Бирото за развој на образование на РМ – вкупно **329 испитаници**). Со анализата на резултатите од истражувањето се детектираа од две до три конкретни бариери, кои според ставовите и мислењата на субјектите, претставуваат клучни фактори што негативно влијаат врз квалитетот на образованието во инклузивните процеси.

Крајната цел на проектот е да се понудат предлог - препораки за нивно успешно надминување.

## 2. ОПИС НА ПРОБЛЕМОТ

Еден од приоритетите во реформите на образовниот систем е создавање инклузивно образование што ќе биде во функција на ученикот и на неговите развојни и образовни потреби. **Инклузивното образование** подразбира квалитетно образование за СИТЕ и се вклопува во политиките за апсолутна инклузија во училиштата. Тоа подразбира и приспособување на наставата кон образовните потреби на децата, вклучувајќи ги и оние деца што имаат тешкотии да се вклопат во постојниот образовен систем.

Република Македонија е потписник на значајни меѓународни документи врз кои се заснова инклузивното образование:

- Универзална декларација на човековите права од ден 10 декември 1948[4]
- Конвенција за правата на детето (ратификувана од РМ 1993 год.)[5]
- Конвенцијата на правата на лицата со попреченост (ратификувана од РМ во декември 2011 год.)[6]
- Националната програма за развој на образованието во РМ 2005-2015[7] (Основното и средното образование е отворено и овозможува пристап за сите деца без оглед на јазикот, полот, религијата или физичката и менталната попреченост).

Основниот принцип што се однесува на промовирање на **„Образование за сите“** подразбира и обврска секое дете да добие квалитетно образование каде што разликите се прифаќаат како предизвик и богатство, а не како проблем; образование што ќе овозможи препознавање на индивидуалните способности и можности на секое дете, каде што ќе се вреднува неговиот напредок и постигнувања.

Од досегашното искуство на работата на Ресурсниот Центар на родители на деца со посебни потреби, можеме да констатираме дека многу мал број деца со посебни потреби се вклучени во редовното образование. Уште при запишувањето на нивните деца во редовни училишта, родителите се судираат со големи проблеми. Тие често не се задоволни од условите, третманот, напредокот и постигнувањата на нивните деца и поради тоа честопати се во дилема дали постапиле правилно запишувајќи го своето дете во редовно училиште. Уште повеќе, целата поставеност на образовниот систем го потпомага отпорот на родителите на децата со типичен развој против вклученост на децата со попреченост во редовните училишта – отпор што некаде достигнува дури и размери на движење и е поддржан од неимплементирање на постојните закони или нивно избегнување.

Токму поради овие сознанија, една од задачите на истражувањето беше и детектирање на клучните фактори (два-три статистички референтни фактори) што претставуваат бариера за квалитетна образовна инклузија преку испитување на ставовите и мислењата на клучните субјекти (родители, наставници, стручни соработници во училиштата, како и претставници од локалната самоуправа, Министерството за образование на РМ и наука и претставник на Бирото за развој на образованието на РМ) и изготвување на предлог-препораки за нивно надминување.

[4] https://dzlp.mk/en/node/3537
[5] https://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/resources_19042.html
[6] http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Konvencija%20za%20pravata%20na%20licata%20so%20invalidnost.pdf
[7] http://fvm.ukim.edu.mk/documents/Nacionalna-programa-za-razvoj-na-obrazovanieto-vo-Republika-Makedonija-2005-2015.pdf

# 3. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 3.1. Цели на истражувањето

**Општа цел:** Утврдување на дел од факторите што претставуваат значајна бариера за квалитетно инклузивно образование и изготвување предлог-препораки за нивно надминување.

**Посебни цели:**

1. Истражување на ставовите и мислењата на родители на деца со посебни потреби, родители на деца со типичен развој, наставници, стручни соработници, како и претставници од локалната самоуправа, Министерството за образование и наука на РМ и Бирото за развој на образованието на РМ за бариерите што го намалуваат квалитетот на инклузивното образование.
2. Изготвување на од две до три предлог-препораки за надминување на постојните бариери за квалитетно инклузивно образование со информирање/барање до надлежните институции тие да бидат земени предвид со цел подобрување на инклузивните процеси во образованието.
3. Информирање на јавноста, во рамките на континуираната кампања за образованието, за резултатите од нашето истражување и изготвените предлог - препораки за надминување на бариерите што го намалуваат квалитетот на инклузивното образование.

## 3.2. Очекувани резултати

1. Утврдување на постојните бариери (дел од факторите) што го намалуваат квалитетот на инклузивното образование во рамките на инклузивните процеси.
2. Подобрување на квалитетот на комуникација меѓу родителите вклучени во образованието, соработка меѓу образовниот кадар, стручните тимови во училиштето и родителите.
3. Подобрување на соработката меѓу локалната самоуправа (во наведените општини) и основните училишта
4. Сензибилизирање на институциите и пошироката јавност за проблемите на децата со посебни потреби и инклузијата воопшто.

### 3.3. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Истражувањето се спроведе со дескриптивно-аналитички метод што е адекватен и согласен со природата и карактерот на поставените цели на истражување. Со аналитичкиот метод се изврши анализа на ставовите и мислењата на сите испитаници што беа опфатени во примерокот на истражувањето.

Истражувањето е вршено со следниве техники:

- Анкета со користење прашалник за: родители на деца со посебни потреби, родители на деца со типичен развој, наставници од одделенска и предметна настава.
- Структурирано интервју со педагошко-психолошката служба во основните училишта, претставници на локалната самоуправа во Битола, Прилеп, Велес и Валандово, Министерството за образование и наука на РМ и Бирото за развој на образованието на РМ.

### 3.4. Целни групи на истражување

Со цел примерокот на истражувањето да биде репрезентативен, избрани се целни групи што припаѓаат на три региони: од општините – Битола и Прилеп (Пелагониски регион), Велес (Вардарски регион) и Валандово (Југоисточен регион). Истражувањето вклучи градови од внатрешноста, не вклучувајќи го Скопје, бидејќи според нашите сознанија, состојбата во главниот град може значително да влијае врз добиените резултати.

*Табела 1. Големина на примерокот на истражување*

| Целни групи | Број на испитаници |
|---|---|
| Родители на деца со посебни потреби | 100 |
| Родители на деца со типичен развој | 150 |
| Наставници од одделенска настава | 30 |
| Наставници од предметна настава | 30 |
| Педагошко-психолошка служба | 13 |
| Претставници од локалната самоуправа во трите одбрани општини | 4 |
| Претставник од МОН | 1 |
| Претставник од БРО | 1 |
| **Вкупно** | **329** |

*Табела 2. Основни училишта опфатени во истражувањето*

| Општина | Основни училишта |
|---|---|
| Битола | „Св. Климент Охридски“<br>„Коле Канински“<br>„Тодор Ангелевски“<br>„Св. Кирил и Методиј |
| Прилеп | „Св. Климент Охридски“<br>„Рампо Левката“ |
| Велес | „Блаже Конески“<br>„Васил Главинов“ |
| Валандово | „Јосип Броз Тито“<br>„Страшо Пинџур“ |
| **Вкупно** | **10** |

*Табела 3. Број на ученици во основни училишта опфатени во истражувањето*

| Основно училиште | Број на ученици | Број на ученици со посебни потреби | Број на ученици што работат по ИОП |
|---|---|---|---|
| „Св. Климент Охридски“ - Битола | 1010 | 10 | 7 |
| „Коле Канински“ - Битола | 887 | 6 | 6 |
| „Тодор Ангелевски“ - Битола | 984 | 3 | 0 |
| „Св. Кирил и Методиј“ - Битола | 451 | 6 | 6 |
| „Блаже Конески“ - Велес | 1163 | 13 | 4 |
| „Васил Главинов“ - Велес | 1800 | 20 | 11 |
| „Јосип Броз Тито“ - Валандово | 674 | 7 | 7 |
| „Страшо Пинџур“ - Валандово | 315 | 4 | 4 |
| „Св. Климент Охридски“ - Прилеп | 800 | 8 | 8 |
| „Рампо Левката“ - Прилеп | 687 | 4 | 4 |
| **Вкупно:** | **8771** | **81** | **56** |

Од вкупно ***8771*** ученик што учат во основните училишта опфатени со истражувањето, ***81*** ученик се со посебни потреби, а само ***56*** од учениците со посебни потреби учат согласно со изработен Индивидуален образовен план (ИОП).

Забелешка: Во основните училишта опфатени со истражувањето не го добивме потребниот број родители на деца со посебни потреби (вкупно 81 родител на деца со посебни потреби), па затоа дополнително беа анкетирани 19 родители од други основни училишта: „Елпида Караманди“ „Трифун Пановски“ и „Ѓорги Сугарев“ од Битола; „Св. Кирил и Методиј“, „Јордан Хаџи Константинов-Џинот“ и „Благој Кирков“ од Велес.

### 3.5. Обработка на податоците

Добиените податоци беа обработени квантитативно и квалитативно. Средувањето на податоците беше извршено компјутерски со помош на програмите EXCEL и STATISTIKA. Податоците беа нумерички означени за одделните атрибутивни категории и групирани според бројот на јавувања во одредени категории, а претставени со фреквенции за кои е пресметан и прикажан процент. Со цел да се популаризираат одредени статистички податоци, нив ги претставуваме и графички со помош на графикони и процентуални пити.

Анализата на резултатите од интервјуата се одвиваше во неколку фази: запознавање со податоците, определување на тематска рамка, индексирање и наративно објаснување.

## 4. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Анализата на добиените резултати ја започнуваме со **анализата** на интервјуата со претставниците од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието на Република Македонија. Потоа следува **компаративна анализа** на интервјуата со претставниците од локалната самоуправа во градовите Битола, Прилеп, Велес и Валандово, како и на ставовите и мислења на родителите, наставниците и стручните соработници добиени од спроведените анкети.

### 4.1. Анализа на добиените резултати од интервјуто со претставници од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието

Интервјуата беа реализирани со по еден претставник од Министерството за образование и наука (МОН) и Бирото за развој на образованието (БРО) на Република Македонија.

Во однос на прашањето дали имаат информации колкав е бројот на ученици со посебни потреби што се вклучени во редовното основно (и средно образование) во Р Македонија, претставниците на МОН и БРО не беа во можност да ни посочат конкретна бројка. Претставникот од МОН посебно истакна дека *„можеме да зборуваме за бројка на*

*ученици што имаат категоризација и учат по ИОП, само во согласност со родителите на ученикот“.* Согласно со податоците во Државниот завод за статистика,[8] во Македонија за 2016/2017 година во 998 основни училишта има вкупно 192.715 запишани ученици во редовните училишта и 809 ученици во 45 специјални училишта. Зачудува фактот што не постои статистичка обработка на бројот на ученици со посебни потреби што учат во редовните училишта, иако прегледите нудат најразлични податоци: број на наставници, број на наставници со неполн број на фонд на часови, според видот на работниот однос, број на ученици што учат странски јазик, број на ученици на кои им е обезбеден превоз итн.

На прашањето <u>што подразбираат под поимот квалитетно инклузивно образование,</u> претставникот на МОН одговори: *„Квалитетно инклузивно образование е образование што ВИСТИНСКИ ќе им овозможи на учениците со посебни образовни потреби да ги совладуваат зададените цели од соодветните ИОП и соодветно на постигнатите цели да бидат оценети. Постигнатите резултати треба да бидат во корелација со степенот на образование, односно овде зборуваме за образовни достигнувања.“*

*„Кога сите ученици, без оглед на нивните способности, ќе бидат еднакво прифатени и почитувани и ќе им бидат обезбедени потребните ресурси за правилен раст и развој“*, истакна претставникот на БРО, *„тогаш зборуваме за квалитетно инклузивно образование.“*

На прашањата за <u>сеопфатноста на законската регулатива за инклузивно образование, дали таа доследно се применува и дали се планираат нови закони, измени и дополнување на постојните со цел подобрување на квалитетот на инклузивното образование</u>, претставникот на МОН одговори: *„Постојната законска регулатива за инклузивно образование не е сеопфатна и потребни се корекции и ревидирања и процесот на законски измени за основното и средното образование е започнат“*, додавајќи дека постојната регулатива не се спроведува доследно и дека многу грешки не се во можност да се анулираат, нити пак да се коригираат. Поради сето ова, МОН веќе работи на „Стратегијата за образование на РМ 2018-2025“. Во тек е и изработка на драфт-верзија на измените за Законот за основно и средно образование. Оформени се 4 групи, и тоа: за одделенска настава, предметна настава, гимназиско образование и стручни училишта. Од овие четири групи, понатаму се формирани две групи што работат на Измените и дополнувањата на законот, и на Измени и дополнувања за лицата со попреченост вклучени во образованието. За овие измени се побарало мислења и од Сојузот на дефектолози, Сојузот на психолози и наставници преку Повик за доставување мислења и искуства.

Претставникот на БРО смета дека *„законската регулатива што го третира инклузивното образование во Република Македонија потребно е да се менува и да се*

---
[8]http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.17.04.pdf

*надградува, во согласност со потребите".* Што се однесува до доследната примена на постојната законска регулатива, претставникот на БРО ни одговори дека БРО не е надлежен и дека за планирање на донесување нови закони, како и за измени и дополнувања на постојните, вклучително и закони што би го подобриле квалитетот на инклузивното образование, надлежно е Министерството за образование и наука.

Претставникот на МОН е *„за апсолутна инклузија, но потпомогната со комплетни стручни тимови во училиштата (комплетен инклузивен тим: психолог, педагог, социолог и дефектолог)".* Претставникот на БРО е *„за квалитетна инклузија што ќе соодветствува на реалните можности, способности и афинитети на секој ученик".*

На прашањето што треба да се направи во постојните услови за да се подобри квалитетот на инклузивното образование, претставникот на БРО одговори дека е потребно:

- *Примена на сите форми, методи и активности за јакнење на свесноста и сензибилизација на сите партиципиенти што на кој било начин се вклучени во воспитно-образовниот процес (наставници, стручни соработници, родители на деца со типичен развој, родители на деца со посебни образовни потреби, ученици и пошироката јавност).*
- *Целосна примена на постојните членови од Законот за основно образование и Законот за средно образование со кои се регулира инклузивното образование.*
- *Екипирање на функционални инклузивни тимови со соодветни стручни соработници (педагог, психолог и дефектолог).*
- *Зголемување на инвентивноста, креативноста и мотивираноста на наставениот кадар во пристапот за работа со деца со посебни потреби.*
- *Интензивирање на соработката со родителите, во насока на нивна посеопфатна вклученост во поддршката на учениците и училишните активности.*
- *Целосна примена на расположливите дидактички средства.*
- *Функционален систем за процена и следење на децата под ризик.*
- *Интензификација на инклузивноста на децата со посебни образовни потреби во детските градинки и дневните центри за ран детски развој.*

На истото ова прашање претставникот на МОН одговори дека *треба да се направи ревизија на учебниците, односно да се коригираат, да се отстранат или да се додадат одредени содржини.* Посебно истакна дека ќе следува *ревизија и коригирање на учебниците по програмата на Кембриџ, нагласувајќи дека нивната изработка ќе биде врз основа на наставните планови, а не обратно, согласно досегашната практика*.

Во однос на непостоењето соодветни кадровски и технички услови за образование на деца со посебни потреби во редовните училишта, особено во општините од внатрешноста на Р Македонија (пристапност, дидактички материјали, соодветни стручни профили –

педагог, психолог, дефектолог, обуки за наставници итн.), претставникот на МОН истакна дека согласно со стратегијата за реформи ќе следува оформување инклузивни тимови во сите училишта, изработка на нови учебници што ќе ги следат програмите (а не обратно) и менување на концепцијата на вработување кадар во училиштата за стручни соработници, персонал и администрација.

*„Бирото за развој на образованието преку Секторот за професионален развој на воспитно-образовниот кадар и советодавната стручна работа, организира обуки на наставниците врз основа на спроведена анализа за утврдување на потребите за обука на воспитно-образовниот кадар. За таа цел, Секторот за професионален развој во годишниот план на активности за обука на воспитно-образовните и раководните кадри за 2018 година планира да реализира и обуки што се однесуваат на работата на наставниците со деца со посебни потреби“.*

Во однос на прашањето дали сметаат дека државата треба да обезбеди персонални/образовни асистенти за децата со посебни потреби вклучени во образовниот процес, претставникот на МОН одговори дека *„е најавено дека државата ќе обезбедува асистенти“* иако терминологијата според него е нејасна и напомена дека од тоа како ќе биде распределен буџетот за 2018 зависи начинот на организација, опфатот итн. Од друга страна, претставникот на БРО смета дека *„... е потребно спроведување на научно истражување за добивање релевантни сознанија врз чија основа ќе се донесат објективни решенија“*, односно *„Потребно е утврдување на професионални компетенции за дефектолог - педагошки асистент и професионални компетенции за личен асистент, како и нивна диференцијација со компетенциите на стручен соработник дефектолог“*.

Ставот на претставникот на БРО за постојните студиски програми во кои сега не постојат предмети што би ги едуцирале наставниците за работа со деца со посебни потреби е дека *„во сите студиски програми и на сите нивоа каде што има можност треба да се воведат наставни содржини, односно предмети со кои би се едуцирале наставниците за работа со деца со посебни потреби“*. И претставникот на МОН се сложува дека *во сите студиски програми и сите нивоа каде што има можност треба да се воведат наставни содржини, односно предмети со кои би се едуцирале наставниците за работа со деца со посебни потреби.*

Претставникот од МОН како главна бариера за квалитетно инклузивно образование го истакна ***човечкиот фактор, односно луѓето***.

Според претставникот на БРО, главни бариери/пречки за квалитетно инклузивно образование се:

- *Недоволен капацитет за јакнење на свесноста за значењето и потребата од унапредување на инклузивно образование*
- *Бавно отстранување на физички бариери*
- *Немање стратегија за инклузивно образование во Република Македонија*

- *Немање сеопфатна законска рамка што го третира инклузивно образование*
- *Мал број училишта имаат комплетни инклузивни тимови со потребни стручни соработници (педагог, психолог и дефектолог)*
- *Недоволно обучен наставен кадар*
- *Недоволно информирани родители*
- *Недоволно сензибилизирани ученици со типичен развој*
- *Недоволна обезбеденост на посебни дидактички средства*
- *Недоволно ефикасен систем за процена и следење на децата под ризик*
- *Мала инклузивност на децата со посебни образовни потреби во детските градинки и дневните центри за ран детски развој.*

Во однос на одговорите на претставниците на двете државни институции, можеме да забележиме дека нивните ставови во најголема мера се поклопуваат, особено во однос на точките што треба да се изменат и да се зајакнат: потреба од дополнителни обуки за наставниот кадар и дидактички средства, непостоење комплетни инклузивни тимови за работа со деца со посебни потреби, но и систем за процена и следење, потреба од работа во насока на сензибилизираност на родителите и др. Она што радува е фактот што се работи на подобрување на законските рамки на инклузивното образование и нивно имплементирање.

### 4.2. Анализа на добиените резултати од интервјуто со претставници од локалната самоуправа

Интервјуто е извршено со по еден претставник од општините Битола, Прилеп, Велес и Валандово, сектор за Јавни дејности (заб. во општинската систематизација образованието е дел од секторот за Јавни дејности).

Сите четири претставници од локалните самоуправи од општините во кои е спроведено истражувањето се запознаени со законската регулатива што се однесува на инклузивното образование, но во однос на прашањето дали таа е сеопфатна и доследно се применува во практика, двајца од претставниците одговорија дека е сеопфатна и доследно се применува. Еден од претставниците се изјасни дека не знае, а еден одговори негативно.

Само еден претставник од локалната самоуправа е запознаен дека во тек е работата на Комисијата за измени во Правилникот за инклузивно образование и дека сè уште е во тек подготвувањето на конечната верзија.

Еден претставник од локалната самоуправа под „образовна инклузија“ подразбира: *„Процес на меѓусебно уважување на различноста на секој ученик и на неговите потреби, каде што ученикот е во центарот на вниманието, а образовниот*

*систем треба да се справи со предизвиците исправени пред сите ученици, во овој контекст и пред учениците со посебни образовни потреби.“*

Само еден претставник е за апсолутна инклузија, додека другите се изјаснија дека инклузијата за образование треба да биде во согласност со можностите на децата со посебни потреби, односно *„За децата со потежок степен на интелектуална попреченост подобро е да учат во специјални училишта каде што ќе добиваат соодветна стручна едукација.“*

Во однос на прашањето дали имаат информации колкав е бројот на ученици со посебни потреби што се вклучени во редовното основно (и средно образование) во РМ, претставниците на локалните самоуправи не ни посочија конкретна бројка, освен еден претставник (општина Велес), кој изнесе број на деца со посебни потреби вклучени во редовно основно и средно образование во неговата општината (вкупно 39 ученици), кои работат по ИОП. Проблем за утврдување на точниот број ученици со посебни потреби е тоа што *„дел од нив не се категоризирани и нивните родители не прифаќаат за нивните деца да биде изработен ИОП“.* Иако нашиот примерок на испитаници од локалната самоуправа е мал (само четири претставници), сметаме дека дел од решавањето на сите проблеми во врска со образовната инклузија лежи во знаењето на бројот на ученици со посебни потреби од една општина. Познавајќи го бројот и типот на попречености е предуслов на планирање активности што ќе ја потпомогнат целосната инклузија на децата со посебни потреби, а која мора да почне токму од локалните самоуправи. Оттука и не нѐ изненадува фактот што во сите четири општини нема никаков план за активности на ова поле, како што е дадено во следниот одговор.

Сите претставници на локалните самоуправи одговорија дека во нивната програма ***нема*** предвидено активности за унапредување на инклузивното образование. Претставникот од локалната самоуправа во Битола истакна: *„Училиштата изготвуваат програма и проблемите се доставуваат до Општината, а потоа тие се разгледуваат на Совет“.*

Претставник од Општина Велес истакна: *„Во Програмата за образование конкретни активности за инклузивно образование нема, но во Програмата за социјална заштита (глава III. Лица со хендикеп ред бр. Активност согласно со ЛАПЛИ 1.000.000). Општината ја подобрува пристапноста на лицата со посебни потреби (изградба на патеки, рампи, лифт, адаптација на тоалети во училишта, набавка на електромоторни инвалидски колички, надмирување на патните трошоци на студенти со инвалидност), дава поддршка на проектни активности на здруженија на лица со хендикеп, учество во партнерски проекти со други општини и институции. Поддршка и учество на лица и здруженија на лица со хендикеп во културни и спортски манифестации, обележување на значајни денови и рекреативни настани.*

Од нашата работа на терен веќе и ни беше позната состојбата со кадровската и техничка опременост за работа со ученици со посебни потреби, па на прашањето дали во училиштата постојат соодветни кадровски и технички услови за образование на деца со посебни потреби, добивме и очекувани одговори:

*„Во училиштата во Битола не постојат соодветни кадровски и технички услови за учениците со посебни потреби“.*

*„Во училиштата во Прилеп делумно постојат соодветни кадровски услови и не постојат соодветни технички услови“.*

*„Во училиштата во Валандово има вработени 2 дефектолози и 2 сензорни соби се опремени со помош на донации“.*

*„Во училиштата во Велес постојат соодветни кадровски услови за образование на децата со посебни потреби“.*

*„Во некои училишта постојат соодветни технички услови за образование на децата со посебни потреби, но во некои треба значително подобрување“.*

На прашањето дали потребите што произлегуваат на ниво на општина ги решавате со донации, блок-дотации или други извори, одговорот беше дека тие најчесто ги решаваат *со* ***донации*** *и* ***блок-дотации***.

Претставникот од Велес: *„Потребите што произлегуваат на ниво на Општина во поглед на соодветни технички услови за образование на деца со посебни потреби се решаваат со донации и предвидени средства од Програмата за социјална заштита за тековна година.“*

Според Ресурсниот Центар, задоволување на потребите за инклузивно образование, вклучувајќи го и дополнителното **мотивирање** на наставниците што работат со деца со посебни потреби е прашање од исклучителна важност за спроведување квалитетно инклузивно образование. Нашите искуства зборуваат дека блок-дотациите можат да покријат најголем дел од потребите, но она што е важно е нивно правилно искористување и механизам за проверка на начинот на нивното искористување.

Сите претставници се согласни дека **државата** треба да обезбеди и да ги финансира образовните асистенти за децата со посебни потреби вклучени во редовен образовен процес.

Забелешка: Во моментот во Општина Битола и Општина Велес преку проект на UNDP се ангажирани образовни асистенти за децата со посебни потреби само во две основни училишта во општините: ОУ „Св. Климент Охридски“ и ОУ „Коле Канински“ во Битола – вкупно 15 образовни асистенти и ОУ „Блаже Коневски“ и ОУ „Васил Главинов“ во Велес – вкупно 8 образовни асистенти за учениците со посебни потреби што учат во овие основни училишта.

На прашањето дали во училиштата во своите општини има инклузивни тимови и дефектолози одговорија дека во основните и средните училишта во сите четири општини нема комплетирани стручни и инклузивни тимови во секое училиште; *„Во Битола од 10 централни основни училишта, само во едно има постојано вработен дефектолог“*, во Велес *„од 5 централни основни училишта, во две има инклузивни тимови и дефектолози“. Во Прилеп „има вработени 2 дефектолози што циркулираа во повеќе основни училишта“*, а во Валандово *„вработени се двајца дефектолози за две основни и едно средно училиште“.*

*„Согласно со реалните потреби и барањата на училиштата, општината има ингеренции да поведе иницијатива за нови вработувања на стручни лица, со финансирање од МОН“*, одговорија претставниците.

Согласно со постојниот Закон за основно образование, член 51 *„училиштето формира инклузивен тим составен од **педагогот**, односно **психологот** во училиштето, **наставникот** на ученикот, **родителот**, односно старателот на ученикот, **дефектолог** доколку има во училиштето и **по потреба** може да се вклучи и **лекарот** на ученикот. Инклузивниот тим за секој ученик согласно со овој член изготвува индивидуален образовен план“.* И покрај законската обврска, нашето искуство на терен ни покажува дека не секое училиште во кое учат ученици со посебни потреби има инклузивен тим и изработка на Индивидуален образовен план за секое дете со посебни потреби. Ова секако е еден од предусловите за успешна инклузија на учениците во редовното основно образование.

Во однос на сопствените компетенции за работа на полето на образовната инклузија двајца претставници одговорија дека им се потребни дополнителни едукации.

Во однос на прашањето дали имаат жалби/забелешки во однос на образовната инклузија, претставниците од општина Битола и Прилеп одговорија дека имаат, и тоа најчесто од родители на деца со посебни потреби, кои како најголем проблем ја истакнуваат *„неприфатеноста на нивните деца во училиштето“.* Како центар на кој родителите често се обраќаат во врска со проблеми врзани за образованието, овие одговори се совпаѓаат со поплаките и забелешките на кои ние како медијација честопати реагираме во некои конкретни случаи.

## 4.3. Анализа на резултатите од анкетите со родители и наставници и интервјуто со педагошко-психолошки служби

### *Ставови и мислења за инклузијата и инклузивното образование*

Со првото прашање од анкетниот лист за наставници и психолошко-педагошката служба добивме општи податоци во однос на: возраста, полот и работниот стаж во

образование. Очекувано, најголем број наставници се од женски пол (81,6 %) со работно искуство од 6 до 15 години (51 %) и на возраст од 31 до 50 години (вкупно 70 %). Што се однесува до психолошко-педагошката служба повторно очекувано најголем број се од женски пол (84,6 %), а во однос на работното искуство, дури 46,1 % се со над 15 години работно искуство. Значајно е дека во поглед на возраста, дури 46,1 % се на возраст од 51 до 64 години – податок што е сигнификантен во поглед на добиените одговори врзани со инклузијата и секако за планирање на нови вработувања во оваа област.

*Табела 4. Општи податоци за наставници*

| Возраст % | Пол % | Работно искуство % |
|---|---|---|
| до 30 години 8,3 % | машки 18,4 % | До 5 години 20 % |
| од 31 до 40 години 35 % | | од 6 до 15 години 51,7% |
| од 41 до 50 години 35 % | женски 81,6 % | над 15 години 28,3 % |
| Од 51 до 64 години 21,7 % | | |

*Табела 5. Општи податоци за психолошко-педагошка служба*

| Возраст % | Пол % | Работно искуство % |
|---|---|---|
| до 30 години – 7,7 % | машки 15,4 % | до 5 години – 23,1 % |
| од 31 до 40 години – 23,1 % | | од 6 до 15 години – 30,8 % |
| од 41 до 50 години – 23,1 % | женски 84,6 % | над 15 години – 46,1 % |
| од 51 до 64 години – 46,1 % | | |

Во табелите 6 и 7 се претставени општите податоци за анкетираните родителите во однос на возраста, полот, етничката припадност, образованието и работниот однос. Забележително е дека од испитаниците – родители на деца со посебни потреби 73 % се жени, факт што говори во прилог на искуството на Ресурсниот Центар дека мајките се оние што се најмногу ангажирани во процесот на инклузија, но изненадува фактот дека дури 70 % од нив се вработени, или во апсолутна бројка 70, што изненадува земајќи ја предвид познатата теза дека родители на децата со посебни потреби не можат да се вработат и да работат поради обврските кон своите деца.

*Табела 6. Општи податоци за родители на деца со посебни потреби*

| Возраст % | Пол % | Етничка припадност % | Образование % | Работен однос % |
|---|---|---|---|---|
| до 30 години – 5 % | машки 27 % | Македонци 95 % | незавршено основно 1 % | невработен 28 % |
| од 31 до 40 години 55 % | | Албанци 3 % | основно 13 % | вработен 70 % |
| над 40 40 % | женски 73 % | друго 2 % | средно 55 % | пензионер 1 % |
| | | | високо 31 % | друго 1% |

*Табела 7. Општи податоци за родители на деца со типичен развој*

| Возраст % | Пол % | Етничка припадност % | Образование % | Работен однос % |
|---|---|---|---|---|
| до 30 години 3,3 % | машки 23,3 % | Македонци 98,6 % | незавршено основно 0 | невработен 18 % |
| од 31 до 40 години 63,3 % | | Албанци 0,7 % | основно 4,7 % | вработен 81,3 % |
| над 40 33,4 % | женски 76,7 % | друго 0,7 % | средно 39,3 % | пензионер 0,7 % |
| | | | високо 56 % | друго 0 % |

Испитаниците беа прашани што подразбираат под поимот инклузија и дали ја сметаат за значајна и корисна за нивната средина (локалната заедница, училиштето или семејството). Најголемиот дел од испитаните родители, наставници, педагошко-психолошка служба, **се согласни** дека *инклузијата на децата со посебни потреби е многу важна* и нивните ставови *се позитивни*, но најголемиот дел од нив **инклузијата** ја изедначуваат исклучиво со **инклузивното образование** и ја подразбираат како

**вклучување на децата со посебни потреби во редовниот образовен систем,** што секако нѐ води до потребата од работа на ова поле.

Дел од испитаниците под поимот инклузија подразбираат:

*„Вклученост на лицата со попреченост во секој сегмент од секојдневниот живот“*

*„ Целосно вклучување на лицата со хендикеп во општеството“*

*„Образование за сите“*

*„Вклучување и развој“*

*„Вклучување на децата и лицата со посебни потреби во образовниот процес, во секој сегмент на живеењето со приспособување кон условите на нивните потреби.“*

*„Вклученост на ученици во училиштето со различни можности, различни потенцијали, ученици од ранливи категории, еднакви шанси и можности за вклученост во сите сфери од животот.“*




*Графикон 1. Инклузијата е корисна како за поединецот, така и за општеството*

Согласно со графикон 1, констатираме дека најголем дел од наставниците (75 %), родителите на деца со посебни потреби (74 %) и родителите на деца со типичен развој (75,3 %) се согласуваат дека инклузијата е корисна како за поединецот, така и за општеството.




*Графикон 2. Инклузијата овозможува лицата со посебни потреби да придонесат за општествено добро*

Согласно со графикон 2, најголем дел од наставниците (60 %), родителите на деца со посебни потреби (73 %) и родителите на деца со типичен развој (78,7 %) се согласуваат со тврдењето дека **инклузијата овозможува лицата со посебни потреби да придонесат за општественото добро.**

Иако високите проценти за корисноста на инклузијата не радува (графикон 1), имајќи ги предвид подоцнежните одговори и нашето искуство, останува отворено прашањето за неможноста да се разграничи дали вака високиот процент е резултат на социјално посакувани одговори или вистински став и мислење на испитаниците. Во прилог на ова е и намалувањето на процентот (за 15 %) на одговорите на наставниците (графикон 2) во врска со можноста лицата со посебни потреби да придонесат за општествено добро, што всушност значи дека дури 15 % од наставниците сметаат дека инклузијата е корисна за сите, но не сметаат дека инклузијата може да овозможи лицата со посебни потреби да придонесат за општеството.




*Графикон 3. Според вашето мислење, што е инклузивно образование*

На прашањето „што е инклузивно образование“, најголем дел од испитаниците, и тоа 81 % од наставниците, 77,3 % од родителите на деца со типичен развој и 87 % од родителите на деца со посебни потреби под инклузивно образование подразбираат **образование во редовните училишта за сите деца.** Процентите покажуваат дека инклузивно образование како термин е веќе усвоен и правилно разбран и како таков е добра појдовна точка за нејзин развој и натамошна правилна примена што зависи од сите учесници во образовниот процес.

### *Ставови и мислења за предностите и недостатоците од воведување на инклузивно образование*

Наставниците, родителите и педагошко-психолошката служба беа прашани кои се предностите/недостатоците од воведувањето на инклузивното образование и нивниот позитивен/негативен ефект врз децата, наставниците и општеството.




*Графикон 4. Инклузијата влијае врз намалувањето на стравовите и предрасудите*

63,1% од наставниците, 74 % од родителите на деца со типичен развој и 77 % од родителите на деца со посебни потреби се согласуваат дека инклузијата влијае врз намалување на стравовите и предрасудите.




*Графикон 5. Преку интеракција со децата со посебни потреби, децата со типичен развој ќе станат почувствителни на туѓите проблеми*

Најголем дел од испитаниците, и тоа 64,9 % од наставниците, 67 % од родителите на деца со посебни потреби и 72 % од родителите на деца со типичен развој се сложуваат дека **преку интеракција со децата со посебни потреби, децата со типичен развој ќе станат почувствителни за туѓите проблеми.**

Анализата на графиконот 4 и графиконот 5 што се однесуваат на влијанието на инклузијата за намалување на стравовите и предрасудите, односно на развојот на емпатија кон децата со посебни потреби преку заедничка интеракција. покажува дека иако 77 % од родителите на децата со посебни потреби сметаат дека инклузивноста ги намалува предрасудите и стравовите, сепак, само 67 % сметаат дека на тој начин децата со типичен развој ќе станат почувствителни на туѓите проблеми. За нас од исклучителна важност се оние 36,9 %, односно 35,7 % наставници што на овие тврдења (во графикон 4 и графикон 5) одговориле со: не се сложувам, неодредено, не знам. Според изјавата на Саламанка,[9] *Инклузивните училишта се најефикасниот начин на развивање на солидарноста кај децата со посебни потреби и нивните врсници,* но земајќи го предвид фактот што овие тврдења и мислења произлегуваат од личното искуство на наставниците што работат со деца и со посебни потреби и со типичен развој, мора да констатираме дека процентот е сериозно висок и бара сериозна работа и со наставниците што се клучен фактор во секојдневното спроведување на инклузивното образование.




*Графикон 6. Со негување на инклузивното образование ги намалуваме дискриминацијата и насилството во општеството*

Најголем дел од испитаниците, и тоа 65,1 % од наставниците, 74 % од родителите на деца со посебни потреби и 78 % од родителите на деца со типичен развој сметаат дека инклузивното образование ја намалува дискриминацијата и насилството во општеството. Она што е важно да се забележи е дека 34,9 % од наставниците на ова прашање одговориле со: не се сложувам, неодреден или не знам. Исто како и кај претходното прашање, ако земеме предвид дека наставниците се важен фактор на инклузивното

---

[9] *FrameworkforAction, WorldConferenceonSpecialEducation, 1994: 19)*
http://unesdoc.unesco.org/images/0009/000984/098427eo.pdf

образование и негов имплементатор, наше мислење е дека ова е фактор што мора дополнително да се истражи.

На прашањето дали им пречи во одделението да има и дете со посебни потреби, во графикон 7 се прикажани ставовите на испитаниците.




*Графикон 7. Ми пречи во одделението да има и дете со посебни потреби*

На најголем дел од родителите на деца со посебни потреби (68 %), родителите на деца со типичен развој (53,3 %) и наставниците (33,2 %) **НЕ им пречи** во одделението да имаат и деца со посебни потреби (графикон 7), но, од друга страна, според резултатите прикажани во графикон 8, **повеќе од половина од испитаните родители на деца со типичен развој,** 54,3 **%, СТРАВУВААТ** од можноста дека детето со посебни потреби **може да биде агресивно кон другите деца во одделението.**




*Графикон 8. Се плашам од можноста со моето дете да учи и дете со посебни потреби што е агресивно*

За разлика од родителите на деца со типичен развој, кои најголем дел, 54,3 %, одговориле дека се плашат од можноста со нивното дете да учи и дете со посебни потреби **што е агресивно**, најголем дел од родителите на деца со посебни потреби, 43 ,% **не** се сложуваат со ваквото тврдење.




*Графикон 8а. Се плашам од можноста со моето дете да учи и дете со посебни потреби што е агресивно*




Графикон 8б. *Се плашам од можноста со моето дете да учи и дете со посебни потреби што е агресивно*

За подобро воочување на разликите во ставовите на родителите на деца со посебни потреби и родителите на деца со типичен развој, од графиконите 8а и 8б констатираме дека **43%** од родителите на деца со посебни потреби **не се сложуваат** со тврдењето **„се**

**плашам од можноста со моето дете да учи и дете што е агресивно“,** 36 % се сложуваат, 19 се неодредени и 2 % не знаат. За разлика од нив, 53 % од родителите на деца со типичен развој **се сложуваат со ваквото тврдење,** 26 **% не се сложуваат** и 21 % се **неодредени**.

Ако направиме компаративна анализа на ставовите на родителите на деца со типичен развој прикажани во графикон 6 и графиконите 7 и 8, забележуваме контрадикторни ставови со кои од една страна потврдуваат дека инклузивното образование ја намалува дискриминацијата и насилството, а од друга страна, родителите на децата со типичен развој стравуваат дека децата со посебни потреби може да бидат агресивни кон другите ученици.

Уште повеќе нè загрижува фактот што во извештајот на УНИЦЕФ – Кон инклузивното образование[10] од јуни 2016 година, 26,5 % (67 испитаници во апсолутна бројка) благо и силно се противат ученици со посебни потреби и ученици со типичен развој да учат заедно, а во нашето истражување дури 53 % од родителите на деца со типичен развој (79 родители) се плашат од можната агресија на учениците со посебни потреби кон другите деца.

Ова укажува на ***потреба од дополнителни едукации со родителите на деца со типичен развој што би им помогнале за подобро запознавање со состојбите и потребите на децата со посебни потреби и нивно прифаќање.***




*Графикон 9. Инклузивното образование е предизвик и можност за професионален и личен раст и развој*

За најголем дел од наставниците 66,7 % и стручните соработници 69,2 % **инклузивното образование е предизвик и можност за професионален и личен раст и развој** и, според нас, токму тука треба да ги насочиме напорите да ја дадеме сета

[10]https://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/resources.html

поддршка во вид на дополнителни едукации, лична мотивација и обезбедување со дидактички материјали**.** Личниот и професионалниот развој на наставниците и стручните соработници неминовно ќе донесе повеќе знаење, ќе ги збогати знаењата, ќе го намали стравот од работа со учениците со посебни потреби.

Графикон 10 покажува дека најголем дел од испитаните наставници и родители сметаат дека се потребни **едукации за родители за подигнување на свеста, прифаќање на различностите и потребите на децата/лицата со посебни потреби.**




*Графикон 10. Потребни се едукации за подигнување на свеста, прифаќање на различностите и потребите на децата / лицата со посебни потреби*

Она што е интересно во ова прашање е дека 85 % наставници сметаат дека се потребни едукации на родителите за подигнување на свеста, прифаќање на различностите и потребите, но дури 19,3 % од родителите на деца со типичен развој и 10 % од родителите на деца со посебни потреби се **неодредени** или **не знаат**. Земајќи го нашиот примерок, тоа значи дека дури 39 родители (од вкупно 250) воопшто не размислувале за прифаќање на различностите и потребите на децата со посебни потреби.

### *Ставови и мислења за компетенциите на наставниците и педагошко-психолошките служби за работа со деца со посебни потреби*

Сите испитаници вклучени во истражувањето (претставници од МОН, БРО, локалната самоуправа и наставниците) беа прашани како би ги процениле сопствените компетенции за работа на полето на образовната инклузија.

Во графикон 11 се претставени ставовите на наставниците и родителите во однос на компетенциите на наставниците за работа со деца со посебни потреби.




*Графикон 11. Наставниците имаат доволно компетенции за работа со деца со посебни потреби*

Најголем дел од наставниците 66,6 % се сложуваат дека **немаат доволно компетенции за работа со деца со посебни потреби**, затоа што во нивното формално образование **немале содржини и студиски предмети за оваа проблематика**, но и дека им се **потребни дополнителни обуки и семинари од полето на образовната инклузија.** Најголем дел од родителите на деца со посебни потреби 46 % исто така се сложуваат дека на наставниците им се потребни дополнителни обуки за подобрување на нивните компетенции. Родителите на деца со типичен развој имаат **поделени мислења** 29 % не се сложуваат, 28,7 % се сложуваат, 22 % се неодредени и 19,3 % не знаат дали наставниците имаат доволно компетенции за работа со деца со посебни потреби. Секако, последните проценти и не се изненадувачки и се очекувани бидејќи родителите на деца со типичен развој и не можат да имаат конкретно мислење за компетенцијата на наставниците за работа со децата со посебни потреби.




*Графикон 12. Потребни се поголем број на семинари и обуки на наставниците за реализирање на квалитетна инклузивна настава*

Значително голем дел од наставниците, 73,4 %, родителите на деца со типичен развој 78,4 % и родителите на деца со посебни потреби 83 % сметаат дека **на наставниците им се потребни поголем број семинари и обуки за квалитетна инлузивна настава.**

Анализирајќи ги двата графикона 11 и 12, едноставно е да се заклучи дека се потребни повеќе едукации за наставниците, како и постојани обуки за квалитетна инклузивна настава**.** Овие бројки се поклопуваат со нашите искуства од терен и многубројните контакти со наставниците вклучени во инклузивното образование. Во принцип, тоа се приближно истите проценти на наставници за кои инклузивното образование е предизвик и можност за професионален и личен раст и развој (графикон 9), што нè доведува до заклучок дека токму овие мотивирани и амбициозни наставници се оние што бараат повеќе едукација во однос на инклузивното образование.

Во графикон 13 се дадени тврдења за **квалитетот на наставата на децата со посебни потреби во редовното образование,** за кои **наставниците** дадоа свои ставови во поглед на нивното реализирање, како што се потребата за дополнителни обуки, изработувањето на индивидуален образовен план, соработката со родителите и педагошко-психолошката служба, односот наставник – ученик и односот ученик – ученик.

Главно, **најголем дел од наставниците** имаат позитивни ставови, односно **се сложуваат** со следниве тврдења:

- Кога во одделението има и дете со посебни потреби, се обидувам да ги сензибилизирам и децата со типичен развој, но и нивните родители (65 %);
- Соработката со родителите ми е од голема важност и помош особено за децата со посебни потреби (79,3 %),
- Потребни се поголем број семинари и обуки за инклузивна настава (73,4 %),
- Реализирам диференцирана настава согласно со можностите на секој ученик (59,9 %);




*Графикон 13. Тврдења за квалитетот на наставата на децата со посебни потреби во редовното образование*

- Соработката меѓу инклузивниот тим и родителите го олеснува процесот на премин од одделенска во предметна настава (63,3 %);
- Во изработката на ИОП вклучени се инклузивниот тим, педагошко-психолошката служба и родителите (58,3 %);
- За децата со посебни потреби изработувам индивидуален образовен план (58,3%)

Резултатите ги потврдуваат искуствата на Ресурсниот центар за важноста и помошта од соработка со родителите на децата со посебни потреби, но и при изработување на индивидуалните образовни планови. Изненадува тоа што само 58,3 % од наставниците

изработуваат индивидуален образовен план за учениците со посебни потреби, но наша претпоставка е дека кога наставниците мислат на ученици со посебни потреби, предвид ги имаат сите ученици што имаат некаква тешкотија во совладување на плановите, односно дека тука се вклучени и оние ученици што немаат наод и мислење за попреченост добиено од соодветна институција.

На прашањето како да се подигне мотивацијата на наставниците и стручните соработници, испитаните наставници и стручни соработници ги дадоа следниве одговори: *„Покрај повисока плата на оние наставници што во одделението имаат и дете со посебни потреби, мотивацијата може да се поттикне и со создавање подобри услови за работа (помал број ученици во одделението, опременост со дидактички материјали), квалитетен систем на професионална едукација и напредување. Сето ова ќе придонесе за подобар напредок за учениците, кој истовремено е мотивирачки и за самите наставници“.*

Одговорите на ова прашање се кореспондентни со сите досегашни истражувања на оваа тема, како и со искуствата на Ресурсниот Центар од својата работа на терен.

### *Ставови и мислења за најзначајни услови за реализирање на инклузивно образование*

На графикон 14 се претставени ставовите на родителите на децата со посебни потреби, родителите на деца со типичен развој, наставниците и стручните соработници за најзначајните услови за подобрување на квалитетот на инклузивно образование. Од одговорите секако произлегуваат не само главните потреби за натамошна примена на инклузијата, туку и предусловите за нејзино правилно и целисходно имплементирање. Секако, не можеме да зборуваме за инклузивно образование доколку не постои доволно едуциран кадар, нема доволно дидактички средства, бројот на учениците во одделенијата е преголем, не постои клима на соработка и заедништво на инклузивниот тим, сите родители (без оглед дали се родители на деца со посебни потреби или со типичен развој), нема пристапност (особено за децата со физичка попреченост), не се обезбедени асистенти (образовни или лични) и др.

Значаен е процентот на наставници (дури 87 %) што како значаен услов за добра образовна инклузија ги споменуваат соработката со родителите и соработката на наставниците со стручните соработници (86,7 %), но изненадува помалиот процент на стручните соработници (53,8 %) што сметаат дека соработката со наставниците е еден од најзначајните услови за квалитетно инклузивно образование. Соработката меѓу наставниците и стручните соработници треба да биде еден од најзначајните услови бидејќи тие се оние што треба да им бидат најголема поддршка на наставниците, особено

на оние наставници што за првпат во своето одделение имаат дете со посебни потреби. Исто така, стручните соработници треба да бидат дел од инклузивниот тим и да помагаат во изработката на ИОП.




*Графикон 14. Ставови за најзначајните услови за реализирање на инклузивно образование*

Согласно со добиените резултати, најголем дел **се сложуваат** дека **за реализирање на квалитетно инклузивно образование најзначајни услови** се:

- Децата со посебни потреби да добиваат образовни асистенти (84,6 % од стручните соработници, 83,5 % од наставниците, 78,8 % од родителите на деца со типичен развој, и 80 % родителите на деца со посебни потреби);

- Пристапност за децата со телесна инвалидност – рампи, лифтови, адаптирани тоалети (76,9 % од стручните соработници, 90 % од наставниците, 76 % од родителите на деца со типичен развој, и 82 % родителите на деца со посебни потреби);

- Опременост на училиштата со дидактички материјали за инклузивна настава (69,24 % од стручните соработници, 91,6 % од наставниците, 74 % од родителите на деца со типичен развој, и 81 % родителите на деца со посебни потреби);

- Соработка на наставниците со родителите (69,24 % од стручните соработници, 91,6 % од наставниците, 70,7 %од родителите на деца со типичен развој, и 87 % родителите на деца со посебни потреби);

- Помал број ученици во одделението (84,6 % од стручните соработници, 86,7 % од наставниците, 64,7 % од родителите на деца со типичен развој, и 74 % родителите на деца со посебни потреби);

- Соработка на наставниците со стручните соработници (53,85 % од стручните соработници, 86,7 % од наставниците, 67 % од родителите на деца со типичен развој, и 85 % родителите на деца со посебни потреби);

- Дополнителна едукација на наставниците (61,54 % од стручните соработници 75 % од наставниците, 57,3 % од родителите на деца со типичен развој, и 80 % родителите на деца со посебни потреби).

Во графикон 15 се претставени просечните оценки што ги дадоа испитаниците за потребните услови за реализирање на инклузивно образование (каде што 1 означува минимум, а 5 означува максимум). Можеме да забележиме дека сите наведени услови за инклузивно образование се оценети со високо оценки т.е. **просечните оценки за сите наведени индикатори имаат просечна оценка** од 4,6 до 4,9, што укажува дека сите овие услови се неопходни за реализирање на квалитетно инклузивно образование.




*Графикон 15. Просечни оценки за потребните услови за реализирање на инклузивно образование*

Последните две прашања од прашалникот се од отворен тип и се однесуваат на **посочување на две-три предности и бариери за инклузивно образование**. Согласно со направената анализа на ставовите на сите испитани родители, наставници и стручни соработници **табела 8** ги дава најфреквентните одговори.

Одговорите главно се совпаѓаат со резултатите од Извештајот од истражување за вклученост на децата со посебни потреби во редовното основно образование – Кон инклузивно образование, спроведено во периодот од септември 2015 до април 2016 година, од страна на народниот правобранител на Република Македонија[11]

[11] https://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/resources.html

И во извештајот како најголема пречка во спроведување на инклузивното образование со најголема процент 74,6 % и 66,9 % се недостиг на наставен кадар и недостиг на материјални средства, како и недостиг на помош и поддршка за наставниците 35 %.

Како особено важно би истакнале дека во нашето истражување наставниците како бариера наведуваат дека се случува учениците со типичен развој природно да ги отфрлаат децата со посебни потреби колку „ние и да се трудиме“. Од аспект на здружение на родители на деца со посебни потреби, за нас ваквиот став на одреден број наставници е недопустлив и дека во голема мера изразува рамнодушност и незаинтересираност. Кога на ученик со посебни потреби му предава наставник што го има овој став, не можеме да сметаме на успешна образовна инклузија дури и во услови на идеална образовна средина, опремена со кадар и наставен материјал, со дополнителни обуки и едукации и мал број ученици.

Набљудувајќи ги сите детектирани бариери, забележуваме дека е неоспорна потребата од соработка меѓу сите учесници во инклузијата: наставниците, родителите и психолошко-педагошката служба, но важно е да се напомене дека како бариери за образовна инклузија што ја навеле родителите на децата со посебни потреби се и лошата соработка меѓу наставниците и родителите на децата со посебни потреби и недоволната вклученост на родителите во процесот на инклузија. Како што е познато, инклузивните тимови во училиштата ги вклучуваат и родителите на ученикот со посебни потреби, па вакво тврдење нѐ наведува на потребата овој дел да се истражи дополнително и системски, имајќи предвид дека родителите најдобро го познаваат своето дете и неговите способности, но секако, не потпирајќи се исклучиво и само на нивните ставови и мислења.

Секако, постоењетона предрасуди, стереотипи, неприфаќање на учениците со посебни потреби, како и постоење предрасуди кај родителите на деца со типичен развој се совпаѓа со искуствата на Ресурсниот од досегашната работа на терен.

*Табела 8. Предности и бариери за инклузивно образование*

| Тип испитаници | Предности | Бариери |
|---|---|---|
| Наставници | - Се развива сензибилизираност за проблемите и потребите на лицата со посебни потреби;<br><br>-Развивање чувство на емпатија, толеранција, солидарност и хуманост кај децата со типичен развој;<br><br>-Надминување на постојните стереотипи, предрасудите и дискриминацијата кај сите деца;<br><br>-Со вклучување на децата со посебни потреби во редовната настава им се овозможува социјализација и побрз напредок. | - Во високото образование, наставниците немаат студиски предмети и содржини кои би ги едуцирале за работа со деца со посебни потреби;<br><br>- Недостиг на едукации и обуки за наставна работа со деца со посебни потреби и оценување по ИОП;<br><br>- Немотивирани и недоволно ангажирани наставници за работа со деца со посебни потреби;<br><br>-Некомплетирани стручни тимови (пред се дефектолози), непостоење на инклузивни тимови и потреба од образовни асистенти за секое дете со посебни потреби<br><br>- Не постојат соодветни технички услови во училиштата (пристапност, дидактички материјали, асистивна технологија, голем број ученици во одделенијата);<br><br>-Недостиг на едукации на сите родители;<br><br>- Учениците со типичен развој природно ги отфрлаат децата со посебни потреби колку „ние и да се трудиме“ |

| | | |
|---|---|---|
| Психолошко–педагошка служба | -Прифаќање, почитување и едукација на децата со сите нивни способности, потреби и можности;<br><br>-Запознавање на другите со различностите околу нив, поттикнување и градење социјални вредности и социјализација;<br><br>-Учениците со посебни потреби градат позитивна слика за себе, се идентификуваат со другите ученици и развиваат пријателства;<br><br>-Развивање чувство на солидарност, емпатија, подигнување на свеста кај сите деца и наставниците за различните потреби;<br><br>- Намалување на предрасудите и подигнување на јавната свест. | -Недоволно обучен наставен кадар (факултетско образование без студиски предмети и содржини кои би ги едуцирале наставниците за работа со деца со посебни потреби);<br><br>-Недостаток од обуки и семинари за наставниците и психолошко-педагошката служба;<br><br>- Недоволен број дефектолози во училиштата; потреба од персонални/образовни асистенти обезбедени од државата;<br><br>- Не постојат соодветни технички услови во училиштата (пристапност, дидактички материјали, асистивна технологија, голем број ученици во одделенијата);<br><br>- Постоење на предрасуди, стереотипи; неприфатеност на децата со посебни потреби од страна на наставниците;<br><br>- Недоволна едукација за сите родители за подигнување на свеста, прифаќање на различностите и потребите на децата со посебни потреби;<br><br>- Премногу општа законска регулатива која се однесува на работата во училиштата (инклузивни тимови, оценување итн.) |

| | | |
|---|---|---|
| **Родители на деца со посебни потреби** | -Прифаќање на различностите, развивање на чувство за разбирање на туѓите потреби и проблеми и еднакво прифаќање на сите деца во училиштето;<br><br>-Намалување на предрасудите, стереотипите и дискриминацијата во општеството и развивање на чувство на емпатија;<br><br>-Развивање на позитивни особини кај децата со типичен развој базирани врз меѓусебното почитување, соработка, помагање и почитување на различностите;<br><br>-Подобра социјализација на децата со посебни потреби и нивен побрз напредок. | - Нестручен и недоволно едуциран кадар (за работа со деца со посебни потреби, за оценувањето итн.); незаинтересираност на наставниците за работа со деца со посебни потреби;<br><br>- Отсуство на инклузивни тимови и стручна помош во училиштата; потреба од персонални/образовни асистенти обезбедени од државата;<br><br>- Не постојат соодветни технички услови во училиштата (пристапност, дидактички материјали, асистивна технологија, преголем број ученици во одделенијата);<br><br>- Лоша соработка меѓу наставниците и родителите на децата со посебни потреби; недоволна вклученост на родителите во процесот на инклузија;<br><br>- Едукација на родителите на децата со типичен развој;<br><br>- Предрасуди кај родителите на деца со типичен развој;<br><br>- Недоволен ангажман на државатаза спроведување на инклузивно образование. |

| | | |
|---|---|---|
| **Родители на деца со типичен развој** | -Кај децата се развива емпатија, алтруизам, почитување на разликите и прифаќање на секое дете;<br>-Социјализација на децата и развивање хуманост кај сите деца;<br>-Надминување на стереотипите, предрасудите, дискриминацијата; можност за меѓусебно дружење на децата со различни потреби и проблеми и развивање на чувството за еднаквост и припадност;<br>- Подобар развој и напредок на децата со посебни потреби кога учат во редовни училишта;<br>- Еднакви можности за сите деца, развивање на соживот и заедничко спознавање на животот. | - Недоволно обучен, нестручен и едуциран кадар за реализирање на инклузијата во училиштата;<br>- Отсуство на инклузивни тимови, особено вработување дефектолози и стручна помош во училиштата; потреба од персонални/образовни асистенти обезбедени од државата;<br>- Недоволна соработка меѓу наставниците, родителите и стручните соработници;<br>- Предрасуди кај луѓето. |

Сите три групи (родителите на децата со типичен развој и посебни потреби, наставниците и психолошко-педагошката служба) ги истакнаа следниве предности и бариери од инклузивното образование:

**Предности од инклузивното образование:**

- ✓ Инклузивното образование развива: ***емпатија, алтруизам, хуманост, почитување на разликите и прифаќање на секое дете;***
- ✓ Придонесува *за* ***социјализација на сите деца***
- ✓ Развива ***чувството за еднаквост и припадност****, помага при* ***надминување на стереотипите, предрасудите*** *и* ***дискриминацијата***

**Бариери за инклузивно образование:**

- ✓ Недостиг на ***едукација, обуки и мотивација*** *на* ***наставниот кадар и психолошко-педагошката служба***
- ✓ Недостиг на ***едукации*** за ***родители на деца со типичен развој*** и ***родители на деца со посебни потреби***
- ✓ Недостиг на ***соодветни кадровски и технички услови*** *за подобрување на квалитетот на инклузивно образование*

## 5. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОГ-ПРЕПОРАКИ

Врз основа на анализата на добиените резултати од мислењата и ставовите на сите испитаници, произлегуваат следниве заклучоци:

➢ Најголем дел од родителите на деца со типичен развој **се сложуваат** дека инклузивното образование ги намалува предрасудите и дискриминацијата, а децата ги прави почувствителни и потолерантни. Од анализата на добиените резултати се добива впечаток дека **за родителите на деца со типичен развој најважно е децата со посебни потреби да НЕ БИДАТ АГРЕСИВНИ кон другите деца во одделението за да не се намали квалитетот на работата на наставникот со нивните деца.** Доколку овие стравови бидат надминати, родителите би биле подготвени вистински да ја прифатат инклузијата. Да напоменеме дека овие резултати **не се поклопуваат** со искуството од неколкугодишната теренската работа на Ресурсниот центар на родители на деца со посебни потреби во однос на прифатеноста на децата со посебни потреби во редовното образование од страна на родителите на децата со типичен развој. Нашите искуства се дека **постои континуиран отпор против вклученоста на децата со попреченост во редовните**

**училишта, отпор што некаде достигнува дури и размери на движење, и е поддржан од неимплементирање на постојните закони или нивно избегнување.**

- За поголемиот дел на родителите на деца со типичен развој **инклузивното образование го намалува насилството, но повеќето од нив стравуваат дека децата со посебни потреби може да бидат агресивни кон другите ученици.** Меѓутоа, искуствата на Ресурсниот центар на родители на деца со посебни потреби покажуваат дека, вклучувајќи се како медијатор меѓу семејствата на деца со посебни потреби и училиштата, **учениците со посебни потреби мошне често се исмевани, физички малтретирани, трпат закани и се изолирани од страна на учениците со типичен развој, особено во периодот на пубертет и адолесценција.** Ваквата ситуација бара дополнителен ангажман на наставниците и стручните служби насочен кон советување и наоѓање соодветни стратегии и решенија за сите вклучени субјекти: родителите на деца со посебни потреби, родителите на деца со типичен развој, учениците со и без посебни потреби. Ова укажува на ***потреба од дополнителни едукации со родителите на деца со типичен развој што би им помогнале за подобро запознавање со состојбите и потребите на децата со посебни потреби и нивно прифаќање.***

- Во постојните околности, **иако има законска регулатива за инклузивно образование, таа не е сеопфатна и се потребни корекции и ревидирања на Законот за основното и средното образование**. Исто така, се покажува дека **таа не се спроведува доследно.** Најавени се промени што ќе се одвиваат согласно со изготвената „Стратегија за образование 2018-2025".

- Сите субјекти вклучени во истражувањето ја истакнаа **потребата од дополнување во студиските програми на сите нивоа и од дополнителна и континуирана едукација и обука на наставниот кадар за работа со деца со посебни потреби**.

- Несоодветниот третман на учениците со посебни потреби во редовното образование од страна на наставниците најчесто е резултат **на нивната неедуцираност и неподготвеност за работа со деца со посебни потреби.** Наставниците се оние што **се најодговорни ученик со посебни потреби да биде прифатен од другите ученици во одделението во смисла на дружење, поддржување и помагање.**

- Државата преку блок-дотации **предвидува** наменско финансирање на образовните институции, но резултатите од истражувањето, а и нашата работа од терен покажуваат дека **многу малку финансии се одвојуваат за вистинско подобрување на условите за учење на учениците со посебни потреби во редовните училишта.**

- И покрај законската обврска, истражувањето на терен покажаа дека во многу училишта во кои учат ученици со посебни потреби **нема инклузивен тим** или доколку го има, **не е целосен**. Ваков тим е неопходен за изработување индивидуален образовен план за секое дете со посебни потреби. Ова се потврди и со податоците што ги добивме од основните училишта во кои е спроведено истражувањето.

- Во Република Македонија **не постои** регистар со **точен број на ученици со посебни потреби вклучени во редовното осново и средното образование.** Во Државниот завод за статистика постои регистар само на број на ученици со посебни потреби во специјалните училишта и паралелки. Ни еден претставник од надлежните институции не беше во можност да посочи конкретен број ученици со посебни потреби вклучени во редовното образование. Точното дефинирање на бројот на ученици со посебни потреби е дискутабилен, пред сѐ, поради учениците што немаат наод за видот и степенот на попреченоста издаден од Комисијата за категоризација и согласност **од родителите** за работа по индивидуален образовен план.

- Најголем дел од испитаниците **не се за апсолутна инклузија, односно инклузија по секоја цена**. Сите испитаници, претставници на институции, професионалци и родители се согласни дека **за квалитетна образовна инклузија е потребно создавање соодветни услови:** кадровски и технички услови во училиштата, обука на наставниците, едукации за родителите и подготовка на децата со и без посебни потреби и друго.

- Родителите имаат **позитивни ставови** за **важноста на инклузијата како за поединецот, така и за општеството,** истакнувајќи дека со неа кај децата се развива *емпатија, алтруизам, почитување на разликите и прифаќање на секое дете; социјализација на децата и развивање на хуманост; надминување на стереотипите, предрасудите и дискриминацијата и можност за меѓусебно дружење на децата со различни потреби и проблеми и развивање на чувството за еднаквост и припадност*. Потребно е само **да се создадат еднакви услови за сите деца**, услови што ќе овозможат квалитетен развој на секое дете.

Компаративната анализа на ставовите на сите испитаници покажа дека **<u>постојат бариери за инклузивно образование</u>** <u>што се заеднички и кои беа истакнати и од претставниците на институциите и професионалците и родителите.</u>

Во следнава табела се претставени **ТРИТЕ НАЈЗНАЧАЈНИ БАРИЕРИ** што ги посочија сите испитаници вклучени во истражувањето и **ПРЕДЛОГ-ПРЕПОРАКИ** за нивно надминување и **кои институции и организации** можат да учествуваат во спроведување на предлог-препораките.

*Табела 9. Предлог-препораки за трите клучни бариери за инклузивно образование*

| БАРИЕРИ | ПРЕДЛОГ ПРЕПОРАКИ | Институции и организации што можат да се вклучат во спроведување на предлог-препораки |
|---|---|---|
| 1. Едукации за родители на деца со типичен развој и родители на деца со посебни потреби | **Едукации на родителите на деца со типичен развој**<br>*Едукацијата на родителите на децата со типичен развој да се одвива во три модули и со дополнителни кампањи:*<br><br>**-МОДУЛ 1** Родители на деца што посетуваат **градинки.**<br>**-МОДУЛ 2** Родители на деца што се во **основно образование.**<br>**-МОДУЛ 3** Родители на деца што се во **средно образование**<br>-Организирање **кампањи**<br>- Изготвување **брошури за одредени состојби**<br><br>**Едукација на родителите на деца со посебни потреби** за нивните права и правата на нивните деца во **областа на образованието,** како и со **процедурите и механизмите** за нивно остварување:<br><br>- Организирање **кампањи**<br>- Изготвување брошури за **одредени состојби** | Невладини организации и здруженија |

| | | |
|---|---|---|
| 2. Едукација, обуки и мотивација на наставниот кадар и психолошко-педагошката служба | - Дополнување на **формалното образование** на наставниците и психолошко-педагошката служба. | Високообразовни институции |
| | - Континуирани **теоретски и практични обуки** за наставниот кадар и психолошко-педагошката служба. | МОН, БРО, НВО |
| | - **Мотивирање** на наставниот кадар за работа со деца со посебни потреби | МОН |
| | - **Изготвување прирачници** за работа со деца со посебни потреби. | МОН, БРО и НВО |
| | - Организирање **кампањи и изготвување брошури**. | НВО и локалната самоуправа |
| | - Создавање **мрежа од наставници** и **стручни соработници** | НВО, училиштата |
| 3.Создавање кадровски и технички услови за подобрување на квалитетот на инклузивно образование * | - **Формирање инклузивни тимови** во сите училишта<br>- **Намалување на бројот на ученици** во одделенија каде што наставата ја следи и ученик со посебни потреби<br>- **Обезбедување дидактички** материјали и асистивна технологија<br>- Системско решавање на **пристапноста**<br>- Обезбедување **образовен и/или личен асистент** за секое дете со посебни потреби. | МОН, БРО и локалната самоуправа |

## *ПРЕДЛОГ-ПРЕПОРАКИ*

Анализирајќи ги табелите 8 и 9, во функција на претходно обработените податоци дадени во графиконите на овој извештај, можеме да забележиме дека **клучна улога** во инклузивното образование имаат **родителите на децата со типичен развој**, па всушност, таму и треба да го бараме излезното решение за подобра инклузија. Родителите на децата со типичен развој се **жаришната точка** не само во училишните и работните средини туку и во институциите и воопшто во секојдневниот живот. Токму таму институциите преку своите инструменти треба да повлијаат, вистински применувајќи ги политиките и законите за инклузивно образование и општеството. Моменталната ситуација не само што не им дава избор на родителите на децата со посебни потреби туку токму напротив – таа им дава можност на родителите на децата со типичен развој дури и да ги саботираат инклузивните процеси.

### ПРЕДЛОГ-ПРЕПОРАКА БР. 1

**А) Едукации на родителите на деца со типичен развој** за подигнување на свеста за правата на децата со посебни потреби, како рамноправни членови на општеството, прифаќање на децата со посебни потреби со цел надминување на предрасудите, стереотипите и дискриминацијата.

Наша предлог-препорака е едукацијата да се одвива преку **три модули** што би опфатиле едукација на родители на децата со типичен развој во трите инклузивни периоди на децата со посебни потреби: ран детски развој, основно и средно образование.

***МОДУЛ 1*** е предвиден за родителите на деца со типичен развој што посетуваат **градинки**. Имајќи предвид дека инклузијата треба да започне уште во раниот детски развој, градинките се првите институции каде што постои опасност од стигматизација и отфрлање на детето, што секако ќе се рефлектира врз неговиот натамошен напредок. Постоењето отпор од родителите на децата со типичен развој директно се пренесува на ставот и однесувањето на нивните деца, што доведува до отсуство на развој на емпатија, толеранција и хуманост кај децата со типичен развој, и тоа токму во периодот кога овие особини започнуваат да се формираат. Освен почитување на законските рамки во кои треба да се одвива инклузијата, самата институција во соработка со невладините здруженија мора да работи токму на **сензибилизација** на родителите на децата со типичен развој, користејќи разни методи, техники и начини (организирани тематски родителски средби со гости – родители на деца со посебни потреби, претставници од здруженија, специјализирани кампањи, делење на флаери итн.)

***МОДУЛ 2*** е предвиден за родителите на деца со типичен развој што се во **основно образование.** Важноста на сензибилизација на родителите на децата со типичен развој е исто толку важна колку и кај модулот 1, особено за самите деца со посебни потреби.

Ресурсниот центар е сведок на многу позитивни практики кога меѓусебното почитување, соработка и помагање меѓу соучениците игра клучна улога во развојот на детето со посебни потреби. Но сведоци сме и на примери кога поради ставот и постапките на родителите на децата со типичен развој (стигматизација, петиции за отстранување на ученикот од одделението, па дури и од училиштето), напредокот на ученикот со посебни потреби е загрозен во голем мера. Токму од овие причини сметаме дека сензибилизацијата на родителите на децата со типичен развој со истите методи, начини и техники како и во модул 1 е многу важна.

***МОДУЛ 3*** е предвиден **за** родителите на деца со типичен развој што се во **средното образование.** Земајќи предвид дека во Македонија инклузивното образование започна не толку одамна, и тоа во основното образование, за инклузија во средното образование сè уште не можеме да зборуваме. Бројот на ученици со посебни потреби во средното образование е исклучително мал, но нашите контакти со училиштата и родителите на децата со посебни потреби и овде зборуваат за потреба од сензибилизација на родителите, но и децата со типичен развој. Во средното образование сите ученици се веќе влезени во адолесценција, па стигматизацијата, отфрлањето и маргинализирањето на ученикот со посебни потреби станува уште пострашна за учениците со посебни потреби. Преку континуираната едукација на родителите на деца со типичен развој, родителите ќе придонесат во градењето на млади луѓе ослободени од предрасуди, стереотипи, дискриминација, а со тоа ќе ги поттикнат младите за меѓусебно дружење со младите што имаат различни потреби и проблеми со што ќе се развива чувството за еднаквост и припадност, еднакви можности за сите, развивање соживот и заедничко спознавање на животот.

**Б) Едукација на родителите на деца со посебни потреби** за нивните права, правата на нивните деца од **областа на образованието,** како и со **процедурите и механизмите** за остварување на своите права.

Како што веќе наведовме, инклузивното образование во Македонија започна не толку одамна во основното образование, со паралелно донесување закони и правилници потребни за негово имплементирање и обуки на наставниците и другиот стручен кадар. Родителите на децата со посебни потреби, а особено родителите на децата со посебни потреби во руралните средини, не се докрај запознаени со правата на нивните деца од областа на образованието, како и со процедурите и механизмите за остарување на тие права. Многу често, кога во некоја конфликтна ситуација како директни фактори се јавуваат и наставниците, иако законот ги штити, родителите не решаваат да ги продолжат законските постапки за докажување на правото. Секако, исто толку има и случаи кога и институциите се соочуваат со проблеми во комуникацијата со родителите, особено во случаи кога ученикот покажува извесни отстапувања во правилниот развој и напредок, а родителите не се подготвени да ја прифатат состојбата. Став на Ресурсниот центар е дека

вистински имплементирана инклузија ќе придонесе за решавање и на двата типа случаи, но со континуирани активности, како што се кампањи, работилници, изготвување брошури за различни состојби, настани врзани со инклузијата и таа мора да се поткрепи и да се забрза.

**ПРЕДЛОГ-ПРЕПОРАКА БР. 2**

**А) Едукација, обуки и мотивација на наставниот кадар и психолошко-педагошката служба во училиштата**

Наставниот кадар и психолошко-педагошката служба во основните училишта во својата работа постојано се среќава со најразлични состојби со ученици со посебни потреби за кои се многу малку или воопшто не се информирани во текот на своето формално образование. Иако и во вакви услови среќаваме наставници што сами се дообразоваат и самомотивираат со цел што повеќе да постигнат со своите ученици со посебни потреби, па и резултатите не изостануваат, факт е дека единствено исправен начин е дополнување на **формалното образование** на наставниците и психолошко-педагошката служба со предмети и содржини кои се однесуваат на едукација на наставниците и психолошко-педагошката служба за работа со деца со посебни потреби. Бидејќи образованието е постојан процес, мора да постои и континуирана едукација и практични обуки (**теоретски и практични обуки)**, поткрепено со придружна литература (прирачници).

И додека овие две точки се ингеренција на високообразовните институции, МОН и БРО на РМ, дополнителното **мотивирање** на наставниците што работат со деца со посебни потреби вклучува и повеќе државни субјекти, како што се локалните самоуправи и Министерството за финансии на РМ. Освен намалувањето и лимитирањето на бројот на ученици во едно одделение, кога во него има ученик/ци со посебни потреби, наш став е дека наставниците треба дополнително и финансиски да бидат поткрепени за својата работа со ученици со посебни потреби. Сметаме дека токму **блок-дотациите** што ги добиваат училиштата од општините се изворот од кој треба да се обезбедат не само техничките помагала и асистивна технологија туку и овој дополнителен финансиски надоместок наменет за наставниците.

Да напоменеме и дека **создавање мрежа од наставници и стручни соработници** (психолози, педагози, логопеди и дефектолози) на **национално** и **локално** ниво може да биде од исклучително значење за работата на наставничкиот кадар, иако нашите сознанија зборуваат дека постојат неколку такви платформи. Ресурсниот центар на родители на деца со посебни потреби има неколку брошури што се однесуваат на таа тематика, а во тек е и изработка на уште една брошура што ќе се однесува на преминот на учениците со посебни потреби од одделенска во предметна настава (http://resursencentar.mk/resursni-materijali/profesionalci/). Воедно, мрежата на наставници што се подготвени и обезбедуваат т.н. наставник-наставник поддршка е

активна веќе една година и досега во неколку случаи се покажала како многу добар начин на поддршка.

**ПРЕДЛОГ-ПРЕПОРАКА БР. 3**

**А) Создавање кадровски и технички услови за подобрување на квалитетот на инклузивно образование.**

Иако од спроведеното истражување, односно од анализата на добиените резултати како **трета бариера** што ја посочија сите субјекти беше создавањето кадровски и технички услови за подобрување на инклузивното образование, Ресурсниот центар е со став да не ја смета како бариера – жариште. Имено, постоењето кадровски и технички услови за подобрување на квалитетот на инклузивното образование се практично предуслов за самото инклузивно образование, па на локално ниво и преку институциите на државата тоа требаше да биде решено системски и пред самото започнување на инклузивните процеси. Така, формирањето **инклузивни тимови** во сите училишта, **намалување на бројот на ученици** во одделенија каде што наставата ја следи и ученик со посебни потреби, обезбедување **дидактички материјали** и **асистивна технологија**, решавање на **пристапноста** и обезбедување **образовен и/или личен асистент** за секое дете со посебни потреби според индивидуалната потреба, односно системскиот пристап во обезбедување на сè што е наведено погоре е единствениот начин на кој може да се пристапи кон вистинското започнување на инклузијата во образованието.

## 6. ОРГАНИЗАЦИСКО И ПРОГРАМСКО ПОРТФОЛИО НА ЗДРУЖЕНИЕТО РЕСУРСЕН ЦЕНТАР НА РОДИТЕЛИ НА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Уште во 2010 година **УНИЦЕФ** идентификуваше група родители на деца со посебни потреби во Македонија што беа обучени од страна на ***PACER*** (Ресурсен центар на родители со седиште во САД), со цел да се креира една нова родителска организација. Формиран во 2012 година, **Ресурсниот центар на родители на деца со посебни потреби** започнува со активна работа во 2014 година.

Иницирaн, формиран и воден од родители на деца со посебни потреби, како национален родителски сервис што им служи на родителите и нивните деца, **Ресурсниот центар** дејствува како партнер на родителите, на здруженија чии активности и дејствување се однесуваат на децата со посебни потреби, но едновремено и на институциите што работат на подобрување на условите на животот на децата со посебни потреби.

**Мисијата** на Ресурсниот центар е да им служи на сите деца со посебни потреби и нивните семејства преку: обезбедување *поддршка, помош, пристап до информации,*

обезбедување *остварување на нивните права* во сите сегменти на животот со цел – што *поуспешна социјална инклузија*, како и *подигање на јавната свест и одговорност* за постоењето на тие права.

Преку остварената мрежа на соработници од над 80 организации со кои има склучено меморандуми на соработка и воспоставена соработка со институциите во РМ, преку своите 5 регионални координатори и 2 национални координатори, Ресурсниот центар овозможува бесплатни сервиси: поддршка родител-родител, групна психолошка поддршка организирана во психолошки кампови, индивидуална континуирана психолошка поддршка, правни совети преку соработка со Македонското здружение на млади правници, медијација и совети од областите на социјалната заштита и инклузијата во образованието (и за родителите и за наставниците), поддршка наставник-наставник за наставниците во основното образование. Ресурсниот центар ги вмрежува родителите и овозможува размената на искуства и информации преку Фејсбук-страницата https://www.facebook.com/resursencentarnaroditelinadecasoposebnipotrebi/?ref=bookmarks и затворената група Посебни родители на Фејсбук, постојано ја дополнува и базата на податоци за семејства на лица со попреченост, која во овој момент достигнува бројка од приближно 2500 илјади семејства. Покрај тоа, Ресурсниот центар произведува и ресурси за поддршка на семејствата и сите вклучени во работата со лицата со посебни потреби (прирачници за родители, прирачници за наставници, прирачник за млади волонтери, брошури за лица со некаков вид на попреченост итн.)

Ресурсниот центар е сервис за **СИТЕ** родители на деца/лица со попреченост и лица со попреченост. Информациите, сознанијата и знаењата за правата на лицата со попреченост што стигнуваат до нас се шират преку мрежата на родители што е нашата јасна цел и приоритети вградени во нашите мисија и визија.

## 7. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И ИЗВОРИ


1. Armstrong, F. (2003), *Spaced out: Policy, Difference and the Challenge of Inclusive Education.* Dordrecht: Kluwer Academic Publishers.
2. Bartolo, P. (2004), Recent developments in inclusive education in Malta, *Mediterranean Journal of Educational Studies*, Vol.6(2), 65-91.
3. Armstrong, F. (2003): *Spaced out: Policy, Difference and the Challenge of Inclusive Education.* Dordrecht: Kluwer Academic Publishers.
4. Lambert, N., McCombs, B. (1998), *How Students Learn, Reforming Schools Through Learner-Centered Education*, Washington, D.C.: American Psychological Association, 1-23.
5. Шаврески, З., Кочоска, Е. (2017), *Водич за мониторинг на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост*, Скопје: Полио Плус.
6. Кон инклузивно образование – Извештај од истражување за вклученост на децата со посебни потреби во редовното основно образование, Скопје, јуни 2016 https://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/resources.html
7. Универзална декларација на човековите права, 10 декември 1948 https://dzlp.mk/en/node/3537
8. Конвенција за правата на детето, 1989 https://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/resources_19042.html

## 8. ПРИЛОЗИ

Анкетен лист за родители

Анкетен лист за наставници

Протокол за интервју со педагошко – психолошката служба

Протокол за интервју со локалните самоуправи

Протокол за интервју со Министерство за образование и наука на РМ и Биро за развој на образованието на РМ

## АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА РОДИТЕЛИ

**Почитувани родители,**

Основната цел на овој анкетен лист е да се добијат сознанија за имплементацијата на инклузивните процеси во образованието и да се детектираат најзначајните бариери/пречки за квалитетно инклузивно образование.

Анкетата е дел од истражувањето во рамките на проектот „Бариери за образовна инклузија на децата со посебни потреби" што Ресурсниот Центар на родители на деца со посебни потреби ја спроведува со финансиска поддршка од ФООМ.

Анкетниот лист се состои од прашања групирани во три целини: општи податоци за анкетираното лице, ставови и мислења за инклузијата и инклузивното образование и услови за квалитетно образование. На прашањата одговарате со заокружување или обележување со соодветен знак (x), на една од понудените алтернативи на одговор, а на некои прашања самите треба да го искажете Вашиот став и мислење.

Бидејќи анкетирањето е анонимно Ве молиме со своите објективни одговори да ни помогнете во реализацијата на истото.

**Ви благодариме за соработката!**

Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби

www.resursencentar.mk

### Општи податоци

1. Општина во која живеете: ____________________________________________________________

Возраст:

a) до 30 години
b) од 31 – 40 години
c) над 40 години

Пол:

a. машки
b. женски

Етничка припадност:

a. Македонци
b. Албанци
c. Роми
d. Срби
e. Турци
f. Друго

Образование:

a. Незавршено основно образование
b. Основно образование
c. Средно образование
d. Високо образование

Работен однос:

a. Невработен
b. Вработен
c. Пензионер
d. Друго

2. Вашето дете посетува:

а) одделенска настава

б) предметна настава

3. Дали сте родител на:

а) дете со типичен развој

б) дете со посебни потреби

в) дете со типичен развој и дете со посебни потреби

**Ставови и мислења за инклузијата и инклузивното образование**

4. Според Ваше мислење, што разбирате под поимот инклузија:

______________________________________________________________________

5. Според Ваше мислење, што е инклузивно образование:

а) образование во редовно училиште за сите деца

б) образование во редовно училиште само за деца со типичен развој

в) Не знам

г) Друго: ______________________________________________

6. Ве молиме проценете го степенот на присутност на дадените тврдење во табела 1 по следната скала:

**1 - Не се сложувам** **2 - Неодреден** **3 - Се сложувам**

**4 - Во потполност се сложувам** **5 - Не знам**

| | Табела 1 | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Инклузијата е корисна како за поединецот, така и за општеството. | | | | | |
| 2 | За децата со типичен развој корисно е дружењето со децата со посебни потреби. | | | | | |
| 3 | Подобро е децата со посебни потреби да се едуцираат во специјални училишта. | | | | | |
| 4 | Училиштата имаат услови за подршка на децата со посебни потреби. | | | | | |
| 5 | Согласно специфичностите и развојните потреби на децата се применува индивидуализиран пристап во работата | | | | | |
| 6 | Возрасните можат да влијаат на тоа како децата со посебни потреби се прифатени од врсниците. | | | | | |
| 7 | Ми пречи во одделението на моето дете да има и дете со посебни потреби. | | | | | |
| 8 | Децата со посебни потреби треба да добиваат дополнителна подршка од педагошко-психолошката служба во училиштето. | | | | | |
| 9 | Училиштето треба да обезбеди образовни асистенти за децата со посебни потреби. | | | | | |
| 10 | Нашата општина е спремна за инклузија. | | | | | |
| 11 | Во училиштето постои инклузивен тим. | | | | | |
| 12 | Во нашето училиште за децата со посебни потреби се изработува Индивидуален образовен план. | | | | | |
| 13 | Прифаќањето на децата со посебни потреби во најголема мера зависи од ставот на наставникот за инклузијата и за детето. | | | | | |
| 14 | Инклузијата влијае на намалување на стравовите и предрасудите. | | | | | |
| 15 | Децата со посебни потреби го отежнуваат процесот на учење на останатите деца во одделението. | | | | | |
| 16 | Спремен/на сум со својот личен ангажман да придонесам за развој на инклузивното образование. | | | | | |
| 17 | Со негување на инклузивното образование ја намалуваме дискриминацијата и насилството во општетството. | | | | | |
| 18 | Инклузијата овозможува лицата со посебни потреби да придонесат за општественото добро. | | | | | |
| 19 | Не е добро децата со посебни потреби да учат во редовно училиште, затоа што ќе бидат отфрлени од другите деца. | | | | | |
| 20 | Преку интеракција со децата со посеби потреби, децата со типичен развој ќе станат почувствителни за туѓите потреби. | | | | | |
| 21 | Секое дете може да учи и напредува. | | | | | |
| 22 | Инклузијата е уште една бесмисленост дојдена од развиените земји. | | | | | |
| 23 | Наставниците имаат доволно компетенции за работа со деца со посебни потреби. | | | | | |
| 24 | Наставниците можат да посветат доволно време и на другите ученици во одделението во кое учи и дете со посебни потреби. | | | | | |
| 25 | Децата со посебни потреби добиваат квалитетно образование во редовните училишта. | | | | | |

7. Напредокот и квалитетот на образованието на децата со посебни потреби во Вашето училиште го реализира и следи (може да заокружите една или повеќе од понудените опции):

а) Наставникот

б)Педагошко - психолошката служба

в) Дефектологот од училиштето

г) Приватен образовен асистент

д) Друго:

8. Ве молиме проценете го степенот на присутност на дадените тврдење во табела 2 по следната скала:

**1 – никогаш** **2 - понекогаш** **3 - често** **4 - многу често** **5 - не знам**

| Табела 2 | | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | За децата со посебни потреби се изработува Индивидуален образовен план ИОП | | | | | |
| 2 | Во изработката на ИОП се вклучени: инклузивниот тим, педагошко-психолошката служба и родителите на детето со посебни потреби | | | | | |
| 3 | Соработката меѓу инклузивниот тим и родителите го олеснува процесот на премин од одделенска во предметна настава. | | | | | |
| 4 | Остварувам квалитетна соработка со наставникот/ците | | | | | |
| 5 | Инклузивното образование кај децата развива чувствителност и емпатија. | | | | | |
| 6 | Наставниците реализираат настава согласно индивидуалните потреби и можности на децата. | | | | | |
| 7 | Потребни се едукации за родители за подигнување на свеста, прифаќање на различностите и потребите на децата/лицата со посебни потреби. | | | | | |
| 8 | Потребни се поголем број на семинари и обуки за наставниците за реализирање на квалитетна инклузивна настава. | | | | | |
| 9 | Воспитно-образовниот кадар е доволно компетентен за работа со деца со посебни потреби. | | | | | |
| 10 | Се плашам од можноста со моето дете да учи и дете со посебни потреби кое е агресивно. | | | | | |
| 11 | Постои меѓусебна соработка и разбирање меѓу родителите во одделението. | | | | | |
| 12 | Децата со посебни потреби побрзо ќе напредуваат кога се вклучени во одделение на деца со типичен развој. | | | | | |
| 13 | Кога во одделението има дете со посебни потреби наставникот се труди да ги сензибилизира и децата со типичен развој, но и нивните родители. | | | | | |

## Услови за квалитетно инклузивно образование

9. Според Ваше мислење кои се најзначајни услови за реализирање на инклузивно образование (**оценете за секое тврдење од 1 до 5 каде што 1 означува минимум, а 5 максимум**)

Табела 3

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Дополнителна едукација на наставниците | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Соработка на наставниците со стручните соработници | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Помал број на ученици  во одделението | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Соработка на наставниците со родителите | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Опременост на училиштето со дидактички материјали за инклузивна настава | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Пристапност за децата со телесна инвалидност (рампи, лифтови, адаптиран тоалет...) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

10. Наведете неколку предности на инлузивното образование:

____________________________________________________________

____________________________________________________________

11. Наведете неколку значајни бариери/пречки за квалитетно инкулизивно образование:

____________________________________________________________

____________________________________________________________

## АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА НАСТАВНИЦИ

**Почитувани наставници,**

Основната цел на овој анкетен лист е да се добијат сознанија за имплементацијата на инклузивните процеси во образованието и да се детектираат најзначајните бариери/пречки за квалитетно инклузивно образование. Анкетата е дел од истражувањето во рамките на проектот „Бариери за образовна инклузија на децата со посебни потреби“ што Ресурсниот Центар на родители на деца со посебни потреби ја спроведува со финансиска поддршка од ФООМ.

Анкетниот лист се состои од прашања групирани во четири целини: општи податоци, ставови и мислења за инклузијата и инклузивното образование, услови за квалитетно образование и ставови и мислења на наставниците за нивните компетнции за реализирање на квалитетно инклузивно образование. На прашањата одговарате со заокружување или обележување со соодветен знак (x), на една од понудените алтернативи на одговор, а на некои прашања самите треба да го искажете Вашиот став и мислење.

Бидејќи анкетирањето е анонимно Ве молиме со своите објективни одговори да ни помогнете во реализацијата на истото.

**Ви благодариме за соработката!**

Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби

www.resursencentar.mk

### Општи податоци

1. Општина во која работите: ____________________________________________

Возраст:

d) до 30 години
e) од 31 – 40 години
f) 41-50 години
g) 51 – 64 години

Пол:

a) Машки
b) женски

2. Наставник во:

а) одделенска настава

б) предметна настава

Години на стаж во образование:

a) до 5 години

b) од 6 – 15 години

c) над 15 години

**Ставови и мислења за инклузијата и инклуивното образование**

3. Според Ваше мислење, што разбирате под поимот инклузија:

______________________________________________

4. Според Ваше мислење, што е инклузивно образование:

а) образование во редовно училиште за сите деца

б) образование во редовно училиште само за деца со типичен развој

в) Не знам

г) Друго: ______________________________________

5. Ве молиме проценете го степенот на присутност на дадените тврдење во табела 1 по следната скала:

**1 - Не се сложувам** **2 - Неодреден** **3 - Се сложувам**

**4 - Во потполност се сложувам** **5 - Не знам**

| | Табела1 | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Инклузијата е корисна како за поединецот, така и за општеството. | | | | | |
| 2 | За децата со типичен развој корисно е дружењето со децата со посебни потреби. | | | | | |
| 3 | Подобро е децата со посебни потреби да се едуцираат во специјални училишта. | | | | | |
| 4 | Училиштата имаат услови за подршка на децата со посебни потреби. | | | | | |
| 5 | Согласно специфичностите и развојните потреби на децата се применува индивидуализиран пристап во работата | | | | | |
| 6 | Возрасните можат да влијаат на тоа како децата со посебни потреби се прифатени од врсниците. | | | | | |
| 7 | Ми пречи во моето одделение да има и дете со посебни потреби. | | | | | |
| 8 | Децата со посебни потреби треба да добиваат дополнителна подршка од педагошко-психолошката служба во училиштето. | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Училиштето треба да обезбеди образовни асистенти за децата со посебни потреби. | | | | | |
| 10 | Нашата општина е спремна за инклузија. | | | | | |
| 11 | Во училиштето постои инклузивен тим. | | | | | |
| 12 | Во нашето училиште за децата со посебни потреби се изработува Индивидуален образовен план. | | | | | |
| 13 | Прифаќањето на децата со посебни потреби во најголема мера зависи од ставот на наставникот за инклузијата и за детето. | | | | | |
| 14 | Инклузијата влијае на намалување на стравовите и предрасудите. | | | | | |
| 15 | Децата со посебни потреби го отежнуваат процесот на учење на останатите деца во одделението. | | | | | |
| 16 | Спремен/на сум со својот личен ангажман да придонесам за развој на инклузивното образование. | | | | | |
| 17 | Со негување на инклузивното образование ја намалуваме дискриминацијата и насилството во општетството. | | | | | |
| 18 | Инклузијата овозможува лицата со посебни потреби да придонесат за општественото добро. | | | | | |
| 19 | Не е добро децата со посебни потреби да учат во редовно училиште, затоа што ќе бидат отфрлени од другите деца. | | | | | |
| 20 | Преку интеракција со децата со посеби потреби, децата со типичен развој ќе станат почувствителни за туѓите потреби. | | | | | |
| 21 | Секое дете може да учи и напредува. | | | | | |
| 22 | Инклузијата е уште една бесмисленост дојдена од развиените земји. | | | | | |
| 23 | Наставниците имаат доволно компетенции за работа со деца со посебни потреби. | | | | | |
| 24 | Наставниците може да посветат доволно време и на другите ученици во одделението во кое учи и дете со посебни потреби. | | | | | |
| 25 | Децата со посебни потреби добиваат квалитетно образование во редовните училишта. | | | | | |

## Ставови и мислења на наставниците за нивните компетенции за реализирање на квалитетно инклузивно образование

6. Дали во досегашната работа како наставник имате искуство и сте работеле со деца со посебни потреби:

а) Да

б)Не

в) Не знам

7. Напредокот и квалитетот на образованието на децата со посебни потреби во Вашето училиште го реализира и следи (може да заокружите една или повеќе од понудените опции):

а) Наставникот

б)Педагошко - психолошката служба

в) Дефектологот од училиштето

г) Приватен образовен асистент

д) Друго:

8. Ве молиме проценете го степенот на присутност на дадените тврдење во табела 2 по следната скала:

**1 –никогаш 2 - понекогаш 3- често 4 - многу често 5- не знам**

| Табела 2 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | За децата со посебни потреби изработувам Индивидуален образовен план ИОП | | | | | |
| 2 | Во изработката на ИОП вклучени се инклузивниот тим, педагошко-психолошката служба и родителите. | | | | | |
| 3 | Соработката меѓу инклузивниот тим и родителите го олеснува процесот на премин од одделенска во предметна настава. | | | | | |
| 4 | Зза мене инклузивното образование е предизвик и можност за професионален и личен раст и развој. | | | | | |
| 5 | Инклузивното образование кај децата развива чувствтелнст и емпатија. | | | | | |
| 6 | Реализирам диференцирана настава, овозможувајќи секој ученик да се развива во соласност со своите можности. | | | | | |
| 7 | Посетата на семинари и обуки ми ја олеснуваат работата со децата со посебни потреби. | | | | | |
| 8 | Потребни се поголем број на семинари и обуки за реализирање на квалитетна инклузивна настава. | | | | | |
| 9 | Се чувствувам доволно компетентно за работа со деца со посебни потреби. | | | | | |
| 10 | Децата со посебни потреби подобро ќе напредуваат во специјални училишта. | | | | | |
| 11 | Соработката со родителите ми е од голема важност и помош особено кога станува збор за дете со поседи потреби. | | | | | |
| 12 | Децата со посебни потреби побрзо напредуваат кога се вклучени во одделение на деца со типичен развој. | | | | | |
| 13 | Кога во одделението имам дете со посебни потреби се обидувам да ги сензибилизирам и децата со типичен развој но и нивните родители. | | | | | |

## Услови за квалитетно инклузивно образование

9. Според Ваше мислење кои се најзначајни услови за реализирање на инклузивно образование (**оценете од 1 до 5, каде што 1 означува минимум, а 5 максимум**)

Табела 3

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Дополнителна едукација на наставниците | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Соработка на наставниците со стручните соработници | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Помал број на ученици во одделението | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Соработка на наставниците со родителите | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Опременост на училиштето со дидактички материјали за инклузивна настава | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Пристапност за децата со телесна инвалидност (рампи, лифтови, адаптиран тоалет...) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

10. Наведете неколку предности на инлузивното образование:

11. Наведете неколку значајни бариери/пречки за квалитетно инкулизиво образование:

## ПРОТОКОЛ ЗА ИНТЕРВЈУ СО ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКАТА СЛУЖБА ВО УЧИЛИШТАТА

**Почитувани,**

Основната цел на ова интервју е да се добијат сознанија за имплементацијата на инклузивните процеси во образованието и да се детектираат најзначајните бариери/пречки за квалитетно инклузивно образование. Анкетата е дел од истражувањето во рамките на проектот „Бариери за образовна инклузија на децата со посебни потреби" што Ресурсниот Центар на родители на деца со посебни потреби ја спроведува со финансиска поддршка од ФООМ.

Бидејќи интервјуто е анонимно Ве молиме со своите објективни одговори да ни помогнете во реализацијата на истото.

**Ви благодариме за соработката!**

Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби

www.resursencentar.mk

**Општи податоци**

1. Општина во која работите: ____________________________________________

Возраст:

a) до 30 години

b) од 31 – 40 години

c) 41-50 години

d) 51 – 64 години

Пол:

a) Машки

b) Женски

Години на стаж во образование:

a) до 5 години

b) од 6 – 10 години

c) 11 – 15 години

d) над 15 години

2. Стручен соработник:

а) педагог

б) психолог

в) дефектолог

## Ставови и мислења за инклузијата и инклузивното образование

3. Според Ваше мислење, што разбирате под поимот инклузија:

____________________________________________________________________

4. Според Ваше мислење, што е инклузивно образование:

а) образование во редовно училиште за сите деца

б) образование во редовно училиште само за деца со типичен развој

в) Не знам

г) Друго: ________________________________________________

5. Дали во досегашната работа имате искуство и сте работеле со деца со посебни потреби:

а) Да

б) Не

в) Не знам

6. Напредокот и квалитетот на образованието на децата со посебни потреби во Вашето училиште го реализира и следи (може да заокружите една или повеќе од понудените опции):

а) Наставникот б) Педагошко - психолошката служба

в) Дефектологот од училиштето г) Приватен образовен асистент

д) Друго:

7. Според Ваше мислење кои се најзначајни услови за реализирање на инклузивно образование (**оценете од 1 до 5 каде што 1 означува минимум, а 5 максимум**)

Табела 1

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Дополнителна едукација на наставниците и стручните соработници | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Соработка на наставниците со стручните соработници | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Помал број на ученици во одделението | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Соработка со родителите | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Дополнителна едукација на родителите | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Опременост на училиштето со дидактички материјали за инклузивна настава | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Пристапност за децата со телесна инвалидност (рампи, лифтови, адаптиран тоалет...) | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

8. Што треба да биде приоритет во развојот на инклузивното образование?

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

_____________________________________________________________________________

9. Како да се поттикне мотивацијата на наставниците и стручните соработници за работа со деца со посебни потреби?

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

10. Наведете неколку предности на инклузивното образование:

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

11. Наведете неколку значајни бариери/пречки за квалитетно инкулизиво образование:

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

## ПРОТОКОЛ ЗА ИНТЕРВЈУ СО ЛОКАЛНИТЕ САМОУПРАВИ

**Почитувани,**

Основната цел на интервјуто е да се добијат сознанија за квалитетот на инклузивното образование и да се детектираат најзначајните бариери/пречки за квалитетно инклузивно образование. Интервјуто е дел од истражувањето во рамките на проектот „Бариери за инклузивно образование на децата со посебни потреби“ спроведено од Ресурсен Центар на родители на деца со посебни потреби.

Бидејќи интервјуто е анонимно Ве молиме со своите објективни одговори да ни помогнете во реализацијата на истото.

**Ви благодариме за соработката!**

Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби

www.resursencentar.mk

Општина во која е вршено интервјуто ___________________________________________________

Претставник од локалната самоуправа (сектор за образование) ________________________________

1 .Дали сте запознаени со законската регулатива која се однесува на инклузивното образование?

___

___

___

2. Дали сметате дека законската регулатива за инклузивно образование е сеопфатна и дали според вас доследно се применува?

___

___

___

3. Дали сте запознати дека е во тек работата на комисијата за измени во правилникот за инклузивно образование?

___

4. Што вие подразбирате под поимот Образовна инклузија?

5. Дали сте за делумна или апсолутна инклузија, односно дали сте за инклузија во согласност со можностите или инклузија по секоја цена?

6.Колку основни и средни училишта има во Општината?

7. Колкав е бројот на ученици со посебни потреби во основните и средните училишта во Општината?

8. Дали во вашата програма имате предвидено активности за унапредување на инклузивното образование и кои се тие активности?

9. Дали во редовните училишта ва Вашата Општина постојат соодветни кадровски услови за образование на децата со посебни потреби?

10. Дали во редовните училишта ва Вашата Општина постојат соодветни технички услови за образование на децата со посебни потреби?

11. Дали потребите кои произлегуваат на ниво на Општина ги решавате со донации, блок дотации или други извори?

12. Дали државата треба да обезбеди персонални асистенти за децата со посебни потреби вклучени во образовниот процес, каков треба да биде нивниот статус и кој треба да ги финансира?

13. Дали во моментот врз основа на проектот на UNDP и Министерството за труд и социјална политика имате ангажирано персонални асистенти и дали размислувате да го прифатите нивното финансирање?

14. Дали има инклузивни тимови и дефектолози во основните училишта во Вашата Општина?

15. Според Вас дали Општината може да покрене иницијатива за ангажирање на дефектолози во секое училиште?

16. Како би ги процениле сопствените компетенции за работа на полето на образовната инклузија? (можни модели кои ќе ја подобрат образовната инклузија)?

17. Дали до сега сте имале поплаки, забелешки во однос на образовната инклузија и ако имало од кого?

## ПРОТОКОЛ ЗА ИНТЕРВЈУ
## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Почитувани,**

Основната цел на овој анкетен лист е да се добијат сознанија за имплементацијата на инклузивните процеси во образованието и да се детектираат најзначајните бариери/пречки за квалитетно инклузивно образование.

Анкетата е дел од истражувањето во рамките на проектот „Бариери за образовна инклузија на децата со посебни потреби“ што Ресурсниот Центар на родители на деца со посебни потреби ја спроведува со финансиска поддршка од ФООМ.

Бидејќи анкетирањето е анонимно Ве молиме со своите објективни одговори да ни помогнете во реализацијата на истото.

**Ви благодариме за соработката!**

Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби

www.resursencentar.mk

1. Дали имате информации колкава е бројката на деца со посебни потреби вклучени во редовното основно (и средно) образование на Р.Македонија? Колкав е опфатот на ученици со посебни потреби?

2. Што подразбирите под поимот квалитетно инклузивно образование?

3. Дали сметате дека законската регулатива за инклузивно образование е сеопфатна?

4. Дали според вас постоечката законска регулатива доследно се применува?

5. Дали се планираат нови закони, измена и дополнување на постоечките закони кои би го подобриле квалитетот на инклузивното образование?

6. Дали сте за делумна или апсолутна инклузија, односно дали сте за инклузија во согласност со можностите на ученикот или инклузија по секоја цена?

7. Според Вас што треба да се направи во постоечките услови за да се подобри квалитетот на инклузивното образование?

8. Во редовните училишта не постојат соодветни кадровски и технички услови за образование на децата со посебни потреби, особено во општините од внатрешноста на нашата држава (пристапност, дидактички материјали, соодветни стучни профили – педагог, психолог, дефектолог, обуки за наставници...). Дали во оваа насока МОН и/или БРО има предвидено стратегија и план-програми за подобрување на условите?

9. Дали сметате дека државата треба да обезбеди персонални/образовни асистенти за децата со посебни потреби вклучени во образовниот процес?

10. Во постоечките студиски програми не постојат предмети кои би ги едуцирале наставниците за работа со деца со посебни потреби. Кои се Вашите размислувања како би можело да се подобри таа состојба?

11. Дали во буџетот за 2018 година се предвидени средства за унапредување на образовната инклузија и за што ќе бидат наменети (опремување со дидактички материјали, пристапност, вработување на стручни профили, персонални асистенти, обуки за наставници,...)

12. Според Вас, кои се главните бариери/пречки за квалитетно инклузивно образование?